GLAVA 5

D I NAM I KA NA METER I JALNA TO^KA

5. ДИНАМИКА НА МАТЕРИЈАЛНА ТОЧКА

Во динамика на материјална точка се изучува движењето на материјална точка со конечна маса, односно материјална точка које е модел на материјално тело чии димензии се занемарени или тело кое се движи транслаторно, под дејство на сила.

5.1 ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ НА ДВИЖЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ТОЧКА

Нека материјална точка со маса m се движи во просторот под дејство на сила $\vec{F}$ (Сл.5.1.1). Според вториот закон на Њутн врската помеѓу силата $\vec{F}$ и кинематичката карактеристика на движењето - заврзувањето $\vec{a}$ е определена со равенката :

$$\vec{F} = m \cdot \vec{a} \tag{5.1.1}$$



Сл. 5.1.1

Силата $\vec{F}$ може да биде и резултанта добиена од систем на сили $\vec{F}_1, \vec{F}_2, ...\vec{F}_n$, кои дејствуваат на подвижната точка, односно $\vec{F} = \vec{R} = \sum_{i=1}^{n} \vec{F}_i$. Ако забрзувањето $\vec{a}$ се замени со релацијата: $\vec{a} = \frac{d^2\vec{r}}{dt^2}$ и се замени во равенката (5.1.1) се добива диференцијална равенка на движење во векторска форма т.е.

$$m \cdot \frac{d^2\vec{r}}{dt^2} = \vec{F} \tag{5.1.2}$$

Со равенката (5.1.2) е определена врската помеѓу силата и законот на движењето $\vec{r} = \vec{r}(t)$ на точката М (изразен преку вториот извод по времето). Векторската равенка (5.1.2) е **основна равенка во динамика на материјална точка**, наречена **Њутнова равенка**. Истата претставува диференцијална равенка од втор ред.

Силите кои дејствуваат врз материјалната точка можат да бидат константни и променливи и да зависат од времето t, положбата $\vec{r}$ и брзината $\vec{V}$.

Во најопшт случај кога силата $\vec{F}$ зависи истовремено од трите наведени параметри t, $\vec{r}$ и $\vec{V}$ се добива следнава диференцијална равенка на движење на материјална точка во векторска форма:

$$m \cdot \frac{d^2\vec{r}}{dt^2} = \vec{F}\left(t, \vec{r}, \vec{V}\right) \tag{5.1.3}$$

Ако е движењето во **Декартов координатен систем**, по извршено проектирање на равенката (5.1.3) по трите ортогонални координатни оски се добиваат три скаларни диференцијални равенки:

$$
\begin{aligned}
m \cdot \frac{d^2 x}{dt^2} &= Fx(t, x, y, z, \dot{x}, \dot{y}, \dot{z}) \\
m \cdot \frac{d^2 y}{dt^2} &= Fy(t, x, y, z, \dot{x}, \dot{y}, \dot{z}) \\
m \cdot \frac{d^2 z}{dt^2} &= Fz(t, x, y, z, \dot{x}, \dot{y}, \dot{z})
\end{aligned}
\tag{5.1.4}
$$

При движење на точката во рамнина, на пример во рамнината Oxy, трите диференцијални равнеки се сведуваат на две и тоа:

$$
\begin{aligned}
m \cdot \frac{d^2 x}{dt^2} &= Fx(t, x, y, \dot{x}, \dot{y}) \\
m \cdot \frac{d^2 y}{dt^2} &= Fy(t, x, y, \dot{x}, \dot{y})
\end{aligned}
\tag{5.1.5}
$$

Во случај на праволиниско движење по една од координатните оски, на пример Ox, се добива следнава диференцијална равенка

$$
m \cdot \frac{d^2 x}{dt^2} = Fx(t, x, \dot{x}) \tag{5.1.6}
$$

Ако точка се движи во **природен координатен систем** векторската равенка (5.1.2) се проектира по соодветните координатни оски и се добива следниот систем од скаларни равенки:

$$
\begin{aligned}
m \cdot a_T &= F_T(t, s, V) \\
m \cdot a_N &= F_N(t, s, V) \\
0 &= F_B(t, s, V)
\end{aligned}
\tag{5.1.7}
$$

односно:

$$
\begin{aligned}
m \cdot \frac{d^2 s}{dt^2} &= F_T(t, s, V) \\
m \cdot \frac{V^2}{Rf} &= F_N(t, s, V) \\
0 &= F_B(t, s, V)
\end{aligned}
\tag{5.1.8}
$$

Равенките (5.1.8) се наречени природни равенки на движење.

Со проекција на векторската равенката (5.1.2) по трите координатни оски на **цилиндричниот, односно поларно-цилиндричниот координатен систем**, се добиваа следниов систем од скаларни равенки на движење:

$$
\begin{aligned}
m \cdot a_r &= Fr(t, r, j\,, z, \dot{r}, \dot{j}, \dot{z}) \\
m \cdot a_n &= Fn(t, r, j\,, z, \dot{r}, \dot{j}, \dot{z}) \\
m \cdot a_z &= Fz(t, r, j\,, z, \dot{r}, \dot{j}, \dot{z})
\end{aligned}
\qquad (5.1.9)
$$

Со замена на компонетите на забрзувањето во равенките (5.1.9) се добиваат следитеве диференцијални равенки:

$$
\begin{aligned}
&m \cdot \left[\frac{d^2 r}{dt^2} - r\left(\frac{dj}{dt}\right)^2 \right] = Fr(t, r, j\,, z, \dot{r}, \dot{j}, \dot{z}) \\
&m \cdot \left[r\frac{d^2 j}{dt^2} + 2\frac{dr}{dt}\frac{dj}{dt} \right] = Fn(t, r, j\,, z, \dot{r}, \dot{j}, \dot{z}) \\
&m \cdot \frac{d^2 z}{dt^2} = Fz(t, r, j\,, z, \dot{r}, \dot{j}, \dot{z})
\end{aligned}
\qquad (5.1.10)
$$

Диференцијалните равенки на движење на материјална точка во **поларен координатен систем** се дадени во следнава форма:

$$
\begin{aligned}
&m \cdot \left[\frac{d^2 r}{dt^2} - r\left(\frac{dj}{dt}\right)^2 \right] = Fr(t, r, j\,, \dot{r}, \dot{j}) \\
&m \cdot \left[r\frac{d^2 j}{dt^2} + 2\frac{dr}{dt}\frac{dj}{dt} \right] = Fn(t, r, j\,, \dot{r}, \dot{j})
\end{aligned}
\qquad (5.1.11)
$$

Во динамиката на точка се решаваат две основни задачи и тоа:

Прва задача: Даден е законот на движењето на материјална точка, а се бара силата која дејствува. Со диференцирање, односно преку вторите изводи на законот на движењето се определува и силата:

$$\vec{F} = m \cdot \vec{a} = m \cdot \ddot{\vec{r}} = m\left(\ddot{x} \cdot \vec{i} + \ddot{y} \cdot \vec{j} + \ddot{z} \cdot \vec{k}\right).$$

Втора задача: Дадена е силата $\vec{F}$, а се бара законот на движењето. Решението се добива со двојно интегрирање на диференцијалните равенки од втор ред. За определување на интеграционите константи се користат почетните услови на движење, односно за: $t = t_0$

$$
\begin{aligned}
\vec{r} &= \vec{r}_0 = x_0 \cdot \vec{i} + y_0 \cdot \vec{j} + z_0 \cdot \vec{k} \\
\vec{V} &= \dot{x}_0 \cdot \vec{i} + \dot{y}_0 \cdot \vec{j} + \dot{z}_0 \cdot \vec{k}
\end{aligned}
$$

5.2 ОПШТА ИНТЕГРАЦИЈА НА ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИТЕ РАВЕНКИ

Се разгледува втората задача во динамика на материјална точка и се определува општата интеграција на диференцијалните равенки ако движењето е зададено во декартов кооординатен систем.

Нека материјална точка со маса m се движи под дејство на сила која е функција од времето t, местоположбата $\vec{r}$ и брзината $\vec{V}$, односно $\vec{F} = \vec{F}\left(t, \vec{r}, \vec{V}\right)$.

Скаларните Диференцијалните равенки на движење се:

$$
\begin{aligned}
m \cdot \ddot{x} &= Fx\left(t, x, y, z, \dot{x}, \dot{y}, \dot{z}\right) \\
m \cdot \ddot{y} &= Fy\left(t, x, y, z, \dot{x}, \dot{y}, \dot{z}\right) \\
m \cdot \ddot{z} &= Fz\left(t, x, y, z, \dot{x}, \dot{y}, \dot{z}\right)
\end{aligned}
\tag{5.2.1}
$$

Равенките (5.2.1), во општ случај се систем од три диференцијални равенки од втор ред, со чија интеграција се добива законот на движењето на точката.

Со прва и втора општа интеграција се добиваат, законот на брзината:

$$
\begin{aligned}
\dot{x} &= \dot{x}\left(t, x, y, z, C_1, C_2, C_3\right) \\
\dot{y} &= \dot{y}\left(t, x, y, z, C_1, C_2, C_3\right) \\
\dot{z} &= \dot{z}\left(t, x, y, z, C_1, C_2, C_3\right)
\end{aligned}
\tag{5.2.2}
$$

односно законот на движењето:

$$
\begin{aligned}
x &= x\left(t, C_1, C_2, C_3, C_4, C_5, C_6\right) \\
y &= y\left(t, C_1, C_2, C_3, C_4, C_5, C_6\right) \\
z &= z\left(t, C_1, C_2, C_3, C_4, C_5, C_6\right)
\end{aligned}
\tag{5.2.3}
$$

каде: C_1, C_2, C_3, C_4, C_5 и C_6 се неопределени интеграциони константи кои се определуваат од почетните услови на движење (кинематички услови) односно за почетно време t = to е дадена положбата $\vec{r}_0 = x_0 \cdot \vec{i} + y_0 \cdot \vec{j} + z_0 \cdot \vec{k}$ и брзината $\vec{V} = \dot{x}_0 \cdot \vec{i} + \dot{y}_0 \cdot \vec{j} + \dot{z}_0 \cdot \vec{k}$. Со замена во равенките (5.2.2) и (5.2.3) се добиваат шест равенки во форма:

$$
\begin{aligned}
\dot{x}\left(t_0, x_0, y_0, z_0, C_1, C_2, C_3\right) &= \dot{x}_0 \\
\dot{y}\left(t_0, x_0, y_0, z_0, C_1, C_2, C_3\right) &= \dot{y}_0 \\
\dot{z}\left(t_0, x_0, y_0, z_0, C_1, C_2, C_3\right) &= \dot{z}_0 \\
x\left(t_0, C_1, C_2, C_3, C_4, C_5, C_6\right) &= x_0 \\
y\left(t_0, C_1, C_2, C_3, C_4, C_5, C_6\right) &= y_0 \\
z\left(t_0, C_1, C_2, C_3, C_4, C_5, C_6\right) &= z_0
\end{aligned}
\tag{5.2.4}
$$

Од дадените равенки во кои фигурираат почетните параметри $t_0, x_0, y_0, z_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0, \dot{z}_0$, се определуваат непознатите константи C_1, C_2, C_3, C_4, C_5, C_6, односно:

$$C_i = C_i(t_0, x_0, y_0, z_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0, \dot{z}_0).........(i = 1,2,3,4,5,6) \qquad (5.2.5)$$

Со замена на интеграционите константи во равенките (5.2.3), законот на движење се добива во форма:

$$\begin{aligned} x &= x(t, t_0, x_0, y_0, z_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0, \dot{z}_0) \\ y &= y(t, t_0, x_0, y_0, z_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0, \dot{z}_0) \\ z &= z(t, t_0, x_0, y_0, z_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0, \dot{z}_0) \end{aligned} \qquad (5.2.6)$$

Ако е движењето на точката M **во рамнина**, законот на движењето се добива од следните две равенки:

$$\begin{aligned} x &= x(t, t_0, x_0, y_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0) \\ y &= y(t, t_0, x_0, y_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0) \end{aligned} \qquad (5.2.7)$$

За праволиниско движење по **насочена координатна оска x**, општиот интеграл со кој е определен законот на праволиниското движење се добива од равенката:

$$x = x(t, t_0, x_0, \dot{x}_0) \qquad (5.2.8)$$

Пример 1: Точка се движи под дејство на сила $\vec{F} = -c \cdot \vec{r} = -c(x \cdot \vec{i} + y \cdot \vec{j})$. Да се определи интегралот на диференцијалната равенка ако се дадени почетните услови на движење: $t_0 = 0, x = x_0, \dot{y} = V_{0x}$



$$m\frac{d^2\vec{r}}{dt^2} = \vec{F}$$

$$m \cdot \ddot{\vec{r}} = -c(x \cdot \vec{i} + y \cdot \vec{j})$$

$$m \cdot \ddot{x} = -c \cdot x$$

$$m \cdot \ddot{y} = -c \cdot y$$

$$m \cdot \ddot{x} + c \cdot x = 0$$

$$m \cdot \ddot{y} + c \cdot y = 0$$

се добиваат две хомогени равенки од втор ред

$$\ddot{x}+\frac{c}{m}\cdot x=0$$
$$\ddot{y}+\frac{c}{m}\cdot y=0 \quad , \qquad \frac{c}{m}=k^2$$

интегралите се добиваат во форма:

$$x(t)=C_1\cos kt+C_2\sin kt$$
$$y(t)=C_3\cos kt+C_4\sin kt$$

брзината на точката преку компонентите е:

$$\dot{x}=-C_1\cdot k\cdot\sin kt+C_2\cdot k\cdot\cos kt$$
$$\dot{y}=-C_3\cdot k\cdot\sin kt+C_4\cdot k\cdot\cos kt$$

Интеграционите константи се определуваат од почетните услови:

$$x_0=0 \qquad C_1=x_0$$
$$0=C_3 \qquad C_2=C_3=0$$
$$0=C_2\cdot k$$
$$V_0=C_4\cdot k \qquad C_4=\frac{V_0}{k}$$

Дефинитивно законот на движење на точката M е во форма:

$$x=x_0\cos kt$$
$$y=\frac{V_0}{k}\sin kt$$

5.3 ДИНАМИКА НА ПРАВОЛИНИСКО ДВИЖЕЊЕ

Динамички услов за да една материјална точка се движи праволиниски по насочена оска е правецот на силата $\vec{F}$ која дејствува во почетокот M_0 да се совпадне со правецот на почетната брзина $\vec{V}_0$.

Нека е даден општ случај кога материјална точка се движи праволиниски по координатната оска Ox под дејство на сила $Fx = Fx(t, x, \dot{x})$. Движењето го започнува во време $t = t_0$, од положба $x = x_0$ со почетна брзина $\dot{x} = \dot{x}_0$ (Сл.5.3.1).



Сл. 5.3.1

Решението на зададената задача се сведува на решението на втората задача во динамиката. Динамичката равенка на насоченото праволиниско движење по координатна оска Ox се добива во форма:

$$m\ddot{x} = Fx(t, x, \dot{x}) \tag{5.3.1}$$

Со првата интеграција се ослободува вториот извод, а се добива непозната интеграциона константа C_1. Равенката се добива во форма:

$$\dot{x} = \dot{x}(t, x, C_1) \tag{5.3.2}$$

По извршената втора интеграција се добива следната равенка:

$$x = x(t, C_1, C_2) \tag{5.3.3}$$

Со користење на дефинираните почетни услови на движење се добиваат две равенки од кои се определуваат непознатите интеграциони константи:

$$\begin{aligned} \dot{x}(t_0, x_0, C_1) &= \dot{x}_0 \\ x(t_0, C_1, C_2) &= x_0 \end{aligned} \tag{5.3.4}$$

По определувањето на C_1 и C_2, каде $C_1 = C_1(t_0, x_0, \dot{x}_0)$ и $C_2 = C_2(t_0, x_0, \dot{x}_0)$, и со замена во равенката (5.3.3) се добива **законот на праволинискотo движење**:

$$x = x(t, t_0, x_0, \dot{x}_0) \tag{5.3.5}$$

Од изнесеното може да се констатира дека законот на праволинискотo движење зависи и од почетните услови на движење.

Во наредните примери се разгледуваат општите интеграли на посебни праволиниски движења кои се среќаваат во природата, и тоа:

- Праволиниско движење под дејство на константна сила;
- Праволиниско движење под дејство на сила која зависи од времето;
- Праволиниско движење под дејство на сила која зависи од положбата ;
- Праволиниско движење под дејство на сила која зависи од брзината.

5.4 ПРАВОЛИНИСКО ДВИЖЕЊЕ ПОД ДЕЈСТВО НА КОНСТАНТНА СИЛА

Наједноставната константна сила која дејствува на материјална точка е нејзината тежина која произлегува од гравитацијата и се определува од производот на масата и земјиното забрзување, т.е. $F_G = G = m \cdot g$ (Сл.5.4.1).



Сл. 5.4.1



Сл. 5.4.2

За карактеристично праволиниско движење кое се врши под дејство на тежината, во замислен безвоздушен простор на површината на земјата се истрели во вертикален правец, нагоре и надолу, како и слободното паѓање.

Вертикалниот истрел нагоре се врши со насочена почетна брзина вертикално нагоре од површината на земјата. (Сл.5.4.2).

На материјална точка дејствува тежината G која е спротивно насочена на брзината V.

Зададени се следниве почетни кинематички услови:

$t = t_0 = 0$, $x = x_0 = 0$, $\dot{x} = \dot{x}_0$.

Диференцијалните равенки на движење се добива во форма:

$$\begin{aligned} m \cdot \ddot{x} &= -m \cdot g \\ \ddot{x} &= -g \end{aligned} \qquad (5.4.1)$$

Со првата интеграција се добива:

$$\dot{x} = -g \cdot t + C_1 \qquad (5.4.2)$$

со втората интеграција

$$x = -\frac{g \cdot t^2}{2} + C_1 \cdot t + C_2 \qquad (5.4.3)$$

Со замена на почетните кинематичии услови во равенките 5.4.2 и 5.4.3 се добиваат константите:

$$C_1 = V_0 \qquad C_2 = 0 \tag{5.4.4}$$

Законот на вертикалниот истрел нагоре се добива со равенката:

$$x = V_0 \cdot t - \frac{g \cdot t^2}{2} \tag{5.4.5}$$

Вертикалниот истрел нагоре е рамномерно забавено праволиниско движење, кое во даден момент достигнува висина $h = \frac{V_0^{\ 2}}{2g}$**, а потоа повторно под дејство на тежината слободно паѓа на површинат а на земјата**.

Нека од висина h, точка со маса m го започнува движењето со почетна брзина V_0 насочена кон површината на земјата (**вертикален истрел надолу**) се усвојува почетна состојба (Сл.5.4.31) $M_0 = 0, t = t_0, x_0 = 0$ и $V_0 = \dot{x}_0$.



Сл. 5.4.3

Диференцијалната равенка за вертикалнен истрел надолу е:

$$\begin{aligned} m \cdot \ddot{x} &= m \cdot g \\ \ddot{x} &= g \end{aligned} \tag{5.4.6}$$

Со прва и втора интеграција се добива:

$$\begin{aligned} \dot{x} &= g \cdot t + C_1 \\ x &= \frac{g \cdot t^2}{2} + C_1 \cdot t + C_2 \end{aligned} \tag{5.4.7}$$

Интеграционите константи се определуваат од почетните услови за: $t = 0$, $x_0 = 0$, $V_0 = \dot{x}_0$ и изнесуваат:

$$\begin{aligned} C_1 &= \dot{x}_0 = V_0 \\ C_2 &= 0 \end{aligned} \tag{5.4.8}$$

Законот на вертикалниот истрел надолу се добива во форма:

$$x = V_0 \cdot t + \frac{g \cdot t^2}{2} \tag{5.4.9}$$

Вертикалниот истрел надолу е равномерно забрзано праволиниско движење.
Посебен случај, кога е $V_0 = 0$. се добива **законот на слободното паѓање** на материјална точка.

$$x = \frac{g \cdot t^2}{2} \tag{5.4.10}$$

Законот на слободното паѓање е определен од италјанскиот научник Галилеј. Со занемарување на отпорот во воздухот, слободното паѓање претставува едно рамномерно забрзано праволиниско движење.

5.5 ПРАВОЛИНИСКО ДВИЖЕЊЕ ПОД ДЕЈСТВО НА СИЛА КОЈА ЗАВИСИ ОД ВРЕМЕ

Материјална точка со маса m се движи праволиниски под дејство на сила која зависи од времето $F = F(t)$. Нека за време $t = t_0$, положбата на точката е во положба $x = x_0$ и има почетна брзина $V = V_0 = \dot{x}_0$ (Сл.5.5.1).



Сл.5.5.1

Диференцијалната равенка на движење се определува според вториот Њутнов закон:

$$\begin{gathered} m \cdot \ddot{x} = F(t) \\ \ddot{x} = \frac{1}{m} F(t), \text{ или } \frac{d\dot{x}}{dt} = \frac{1}{m} F(t) \end{gathered} \tag{5.5.1}$$

Се раздвојуваат променливите и се итегрира:

$$\begin{gathered} d\dot{x} = \frac{1}{m} F(t) dt \\ V = \dot{x} = \frac{1}{m} \int F(t) dt + C_1 \end{gathered} \tag{5.5.2}$$

за $t = t_0$, $V = V_0 = \dot{x}_0$ се добива:

$$\dot{x}_0 = \frac{1}{m} \int_{t=t_0} F(t) dt + C_1 \text{, или}$$

$$C_1 = \dot{x}_0 - \frac{1}{m}\int\limits_{t=t_0} F(t)dt \qquad (5.5.3)$$

Со замена на C_1 во интегралот се определува **законот на брзината**:

$$V = \dot{x} = \frac{1}{m}\int F(t)dt + \dot{x}_0 - \frac{1}{m}\int\limits_{t=t_0} F(t)dt$$

или:

$$\dot{x} = \dot{x}_0 + \frac{1}{m}\int\limits_{t_0}^{t} F(t)dt \qquad (5.5.4)$$

Се повторува интегрирањето и се добива законот на движењето во форма:

$$x = \dot{x}_0 \cdot t + \frac{1}{m}\int\left[\int\limits_{t_0}^{t} F(t)dt\right]dt + C_2 \qquad (5.5.5)$$

Со почетниот услов $t = t_0$, $x = x_0$ се определува C_2, односно:

$$x_0 = \dot{x}_0 \cdot t + \frac{1}{m}\int\limits_{t=t_0}\left[\int\limits_{t_0}^{t} F(t)dt\right]dt + C_2$$

или:

$$C_2 = x_0 - \dot{x}_0 \cdot t - \frac{1}{m}\int\limits_{t=t_0}\left[\int\limits_{t_0}^{t} F(t)dt\right]dt \qquad (5.5.6)$$

Законот на праволиниското движење се добива во дефинитивна форма

$$x = x_0 + \dot{x}_0(t - t_0) + \frac{1}{m}\int\limits_{t_0}^{t}\left[\int\limits_{t_0}^{t} F(t)dt\right]dt \qquad (5.5.7)$$

Положбата на точката која е определена со координата x, е фунција од времето, а истовремено зависи и од почетните услови на движење, т.е:

$$x = x(t, t_0, x_0, \dot{x}_0)$$

5.6 ПРАВОЛИНИСКО ДВИЖЕЊЕ ПОД ДЕЈСТВО НА СИЛА КОЈА ЗАВИСИ ОД ПОЛОЖБАТА

Материјална точка со маса m се движи праволиниски под дејство на сила која зависи од положбата, односно $F = F(x)$. Движењето го започнува во време $t = t_0$, од почетна положба x_0 со почетна брзина $V_0 = \dot{x}_0$.



Диференцијалната равенка на движење се добива во форма:

$$m \cdot \ddot{x} = F(x) \tag{5.6.1}$$

или:

$$\frac{d\dot{x}}{dt} = \frac{1}{m} F(x) \;\; / \;\; dx$$

$$\frac{dx}{dt} d\dot{x} = \frac{1}{m} F(x) \cdot dx$$

$$\dot{x} \cdot d\dot{x} = \frac{1}{m} F(x) dx$$

$$\frac{\dot{x}^2}{2} = \frac{1}{m} \int F(x) dx + C_1$$

Од дадени почетни услови: $x = x_0$, $\dot{x} = \dot{x}_0$ се определува интеграционата константа C_2:

$$\frac{\dot{x}_0^{\,2}}{2} = \frac{1}{m} \int\limits_{(x=x_0)} F(x) dx + C_1$$

$$C_1 = \frac{\dot{x}_0^{\,2}}{2} - \frac{1}{m} \int\limits_{(x=x_0)} F(x) dx \tag{5.6.2}$$

$$\frac{\dot{x}^2}{2} = \frac{\dot{x}_0^{\,2}}{2} + \frac{1}{m} \int\limits_{x=x_0}^{x} F(x) dx$$

Законот на брзината на точка зависи од нејзината положба и се добива во форма:

$$\dot{x} = \pm \sqrt{\dot{x}_0^{\,2} + \frac{2}{m} \int\limits_{x=x_0}^{x} F(x) dx} \tag{5.6.3}$$

Ако е: $\dot{x}_0^{\,2} + \frac{2}{m}\int\limits_{x=x_0}^{x} F(x)dx = \Phi(x)$ се добива следната диференцијална равенка:

$$\frac{dx}{dt} = \pm\sqrt{\Phi(x)}$$

или:

$$\frac{dx}{\pm\sqrt{\Phi(x)}} = dt$$

по извршена интеграција се добива равенката:

$$\int \frac{dx}{\pm\sqrt{\Phi(x)}} = t + C_2 \tag{5.6.4}$$

за дадени почетни услови $t = t_0$, $x = x_0$ интеграционата константа изнесува:

$$C_2 = \int\limits_{x=x_0} \frac{dx}{\pm\sqrt{\Phi(x)}} - t_0$$

Со замена на C_2 во равенката (5.6.4) и со инверзија се определува **законот на движење** во форма:

$$x = x(t, t_0, x_0, \dot{x}_0)$$

Положбата на точката зависи од времето и почетните услови на движење.

5.7 ПРАВОЛИНИСКО ДВИЖЕЊЕ ПОД ДЕЈСТВО НА СИЛА КОЈА ЗАВИСИ ОД БРЗИНА

Материјална точка со маса m се движи праволиниски под дејство на сила која зависи од брзината $F = F(V)$. Нека за време $t = t_0$, е во положба $x = x_0$ и има почетна брзина $V_0 = \dot{x}_0$.



Сл. 5.7.1

Диференцијалната равенка на движење гласи:

$$m \cdot \ddot{x} = F(\dot{x}) \tag{5.7.1}$$

$$m \cdot \frac{d\dot{x}}{dt} = F(\dot{x})$$

Со раздвојуваат променливите и се интегрира.

$$\int \frac{d\dot{x}}{F(\dot{x})} = \frac{1}{m}\int dt + C_1$$

$$\int \frac{d\dot{x}}{F(\dot{x})} = \frac{1}{m} t + C_1$$

за $t = t_0$, $\dot{x} = \dot{x}_0$

$$\int\limits_{\dot{x}=\dot{x}_0} \frac{d\dot{x}}{F(\dot{x})} = \frac{1}{m} t_0 + C_1 \text{, или:}$$

$$C_1 = \int\limits_{\dot{x}=\dot{x}_0} \frac{d\dot{x}}{F(\dot{x})} - \frac{1}{m} t_0 \qquad (5.7.2)$$

$$\int\limits_{\dot{x}=\dot{x}_0}^{\dot{x}} \frac{d\dot{x}}{F(\dot{x})} = \frac{1}{m}(t - t_0) \qquad (5.7.3)$$

Со инверзија се определува брзината $V = \dot{x}$:

$$V = \dot{x} = \varphi\,(t, t_0, \dot{x}_0) \qquad (5.7.4)$$

$$\frac{dx}{dt} = \varphi\,(t, t_0, \dot{x}_0) \qquad (5.7.5)$$

$$x = \int \varphi\,(t, t_0, \dot{x}_0)dt + C_2$$

за $t = t_0$, $x = x_0$

$$x_0 = \int\limits_{t=t_0} \varphi\,(t, t_0, \dot{x}_0)dt + C_2 \text{, или:}$$

$$C_2 = x_0 - \int\limits_{t=t_0} \varphi\,(t, t_0, \dot{x}_0)dt \qquad (5.7.6)$$

$$x = x_0 + \int\limits_{t=t_0}^{t} \varphi\,(t, t_0, \dot{x}_0)dt \qquad (5.7.7)$$

Законот на движењето зависи од времето и од почетните услови на движење, т.е:

$$x = x(t, t_0, x_0, \dot{x}_0)$$

5.8 KOS ISTREL

Kosiot istrel e karakteristi~no krivolinisko dvi`ewe koe se sretnuva vo praksata. Vertikalniot istrel nagore i horizontalniot istrel proizleguvaat od kosiot istrel kako posebni slu~ai.

Ako materijalna to~ka so masa m se isfrli vo bezvozdu{en prostor so po~etna brzina $\vec{V}_0$ koja zaklopuva agol α so horizontalata (Sl.5.8.1), velime deka nastanuva **kos istrel**. Agolot α se narekuva elevacionen agol.

Za da gi dobieme parametarskite ravenki so koi }e bide definirano dvi`eweto na materijalnata to~ka M }e go postavime koordinatniot sistem taka {to koordinatniot po~etok O }e se poklopi so po~etnata polo`ba na podvi`nata to~ka $M_0$, a ramninata xOy }e ja poklopime so vertikalnata ramnina vo koja le`i vektorot na po~etnata brzina $\vec{V}_0$.

Za taka definiran koordinaten sistem mo`eme da gi usvoime slednite po~etni uslovi:



Sl. 5.8.1

za: $t_0 = 0$

$$x_o = 0\,,\quad y_o = 0\,,\quad \dot{x}_o = V_0 \cos\alpha\,,\quad \dot{y}_o = V_o \sin\alpha \tag{5.8.1}$$

Edinstvena sila {to dejstvuva na materijalnata to~ka e silata na zemjinata te`a, paralelna so Oy oskata, pa diferencijalnite ravenki na dvi`eweto go dobivaat sledniot oblik:

$$\begin{matrix} m\ddot{x} = 0 \\ m\ddot{y} = -mg \end{matrix} \Rightarrow \begin{matrix} \ddot{x} = 0 \\ \ddot{y} = -g \end{matrix} \tag{5.8.2}$$

So dve posledovatelni integracii gi dobivame slednite izrazi:

$$\begin{aligned} \dot{x} &= C_1 \\ \dot{y} &= -gt + C_2 \\ x &= C_1 t + C_3 \\ y &= -\frac{gt^2}{2} + C_2 t + C_4 \end{aligned} \tag{5.8.3}$$

Integracionite konstanti se dobivaat od po~etnite uslovi definirani so ravenkata (5.8.1) ako istite gi zamenime vo ravenkite (5.8.3), odnosno:

$$\begin{aligned} C_1 &= V_o \cos a \\ C_2 &= V_o \sin a \\ C_3 &= 0 \\ C_4 &= 0 \end{aligned} \tag{5.8.4}$$

Kone~nite ravenki na dvi`eweto go dobivaat sledniot oblik:

$$\begin{aligned} x &= V_0\, t \cos a \\ y &= -\frac{gt^2}{2} + V_o\, t \sin a \end{aligned} \tag{5.8.5}$$

Prvata ravenka ni poka`uva deka vo pravec na oskata $x$ to~kata se dvi`i ramnomerno (proekcijata na brzinata na oskata x ima konstantna vrednost).

Vtorata ravenka ni poka`uva deka vo po~etokot, se do moment $t_1$ (definirana polo`ba na to~ka M_1), materijalnata to~ka vo pravec na oskata y se dvi`i ednakvo zabaveno, a potoa se dvi`i ednakvo zabrzano.

Ako od ravenka (5.8.6) se eliminira vremeto t, se dobiva **ravenkata na traektorija** na kosiot istrel:

$$t = \frac{x}{V_o \cos a}$$

$$y = -\frac{g}{2}\frac{x^2}{V_o^2 \cos^2 a} + V_o \sin a \,\frac{x}{V_o \cos a}$$

$$y = -\frac{gx^2}{2V_o^2 \cos^2 a} + x\,tga \tag{5.8.6}$$

Traektorijata na kosiot istrel pretstavuva ravenka na kvadratna parabola, so oska na simetrija paralelna so oskata y.

To~kata M_1 vo koja nastanuva promena na dvi`eweto pretstavuva **teme na parabolata**. Vo taa to~ka vektorot na brzinata e horizontalen, pa od uslov deka proekcijata na brzinata $\vec{V}$ na oskata $y$ e nula se dobiva vremeto na dvi`ewe, a potoa i koordinatite na to~kata M_1:

$$\dot{y} = 0$$

$$\dot{y} = -gt + V_o \sin a = 0$$

$$t_1 = \frac{V_o \sin a}{g} \tag{5.8.7}$$

$$x_1 = V_o \cos a \, \frac{V_o \sin a}{g} = \frac{2 \sin a \cos a \, V_o^2}{2g} = \frac{V_o^2 \sin 2a}{2g}$$

$$y_1 = H_{\max} = \frac{V_o^2 \sin^2 a}{2g}$$

Maksimalniot dostrel na kosiot istrel se ozna~uva so L i se dobiva od uslov deka vo to~kata M_2 imame $y_2 = 0$.

$$y_2 = -\frac{gt^2}{2} + V_o t \sin a = 0$$

$$t_2 = \frac{2V_o \sin a}{g} \tag{5.8.8}$$

$$x_2 = L = V_o \cos a \, \frac{2V_o \sin a}{g} = \frac{V_o^2 \sin 2a}{g}$$

Ako se sporedi ravenkata (5.8.8) so ravenkata 5.8.7 mo`e da se zaklu~i deka vremeto t_2, potrebno to~kata da go dostigne maksimalniot dostrel, e dvojno pogolemo od vremeto t_1 koe odgovara na maksimalnata visina na iska~uvawe, a x koordinatata {to odgovara na to~kata M_2 e dvojno pogolema od x koordinatata {to odgovara na to~kata M_1.

Najgolema visina na iska~uvawe se postignuva za agol $a = p/2$, odnosno so vertikalen istrel nagore:

$$H_{\max} = \frac{V_o^2}{2g} \tag{5.8.9}$$

Najgolem dostrel se postignuva za agol $a = p/4$:

$$L_{\max} = \frac{V_o^2}{g} \tag{5.8.10}$$

Horizontalniot istrel se postignuva za agol $a = 0$ i nekoja visina h.

GLAVA 6

OSNOVNI ZAKONI VO DINAMIKA NA METERIJALNA TO^KA

6.1 ДИНАМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МАТЕРИЈАЛНА ТОЧКА

Нека е дадена материјална точка со маса m која се движи во просторот под дејство на сила $\vec{F}$.

Во секој момент можат да се дефинираат динамичките карактеристики кои произлегуваат од кинематичките карактеристики на движењето (векторот на положбата $\vec{r}$ и брзината на точката $\vec{V}$) и од материјалноста на точката изразена преку масата m.

Како основни динамички карактеристики, се дефинираат: **количеството на движење** $\vec{K}$ и **кинетичката енергија** $Ek = T$, на подвижната точка. Дополнителна динамичка карактеристика која произлегува од количеството на движење и положбата на точката е **кинетичкиот момент** $\vec{l}_0$ (Сл.6.1.1).

Количество на движење на подвижна точка е наречена векторската големина која е определена со производот на масата m и брзината на точката $\vec{V}$, односно:

$$\vec{K} = m \cdot \vec{V} \tag{6.1.1}$$

Количеството на движење е вектор колинеарен со векторот на брзината. За определување на интензитетот на количеството на движење треба да се дефинира соодветна мерна единица. Мерната единица ќе произлезе од димензиите на количество на движење $\vec{K}$ кои произлегуваат од димензиите на основните големини (маса, должина и време), и се добиваат од производот $M \cdot L \cdot T^{-1}$. Според тоа мерната единица изнесува $1 \cdot kg \cdot m \cdot s^{-1}$.

Кинетички момент на точката е векторска големина определена со векторскиот производ на векторот на положбата $\vec{r}$ и количеството на движењето $\vec{K}$, т.е:

$$\vec{l}_0 = [\vec{r}, \vec{K}] = [\vec{r}, m \cdot \vec{V}] \tag{6.1.2}$$



Сл.6.1.1

Од равенката (6.1.2), може да се констатира дека кинетичкиот момент е момент на количеството на движење во однос на координатниот почеток “0“. Правецот и насоката се поклопуваат со правецот и насоката на позитивно ориентирана нормала на точката О на површината која ја оформуваат векторите $\vec{r}$ и $\vec{K}$.
Димензиите на $\vec{l}_0$ се добиваат од производот: $M \cdot L^2 \cdot T^{-1}$, а мерната единица изнесува $1 \cdot kg \cdot m^2 \cdot \sec^{-1}$.

Количеството на движење $\vec{K}$ и кинетичкиот момент $\vec{l}_0$ се векторски динамички карактеристики на подвижната точка од кои количеството $\vec{K}$ е вектор врзан за самата точка, додека кинетичкиот момент $\vec{l}_0$ вектор врзан за полот “О“. Овие динамички карактеристики се воведени во класичната механика од страна на нејзиниот основоположник Исак Њутн.

Кинетичката енергија е наречена жива сила на подвижната точка и е оформена како скаларна карактеристика , дефинирана со полупроизводот на масата и квадратот на брзината, односно :

$$Ek = T = \frac{m \cdot V^2}{2} \tag{6.1.3}$$

Димензиите на кинетичката енергија се: $M \cdot L^2 \cdot T^{-2}$, а мерна единица $1 \cdot kg \cdot m^2 \cdot \sec^{-2}$

Оваа динамичка карактеристика на подвижната точка е создадена од научникот Лајбниц.

Промените на овие динамички карактеристики настануваат од карактеристични дејства на силата $\vec{F}$ врз подвижната точка.

Со поврзувањето на промените на динамичките карактеристики и каркатеристиките на силата $\vec{F}$ е овозможено оформување на основните закони во динамика на материјална точка.

6.2 ЗАКОН ЗА КОЛИЧЕСТВО НА ДВИЖЕЊЕ И ЗАКОН ЗА ПРОМЕНА НА КОЛИЧЕСТВО НА ДВИЖЕЊЕ

Поимот количеството на движење на материјална точка е основна динамичка карактеристика дефинирана од производот на масата m и брзината на точката $\vec{V}$, односно: $\vec{K} = m \cdot \vec{V}$ (Сл.6.2.1).



Сл.6.2.1

Количеството на движење е векторска функција, чии проекции во Декартовиот координатен систем Oxyz се:

$$
\begin{aligned}
Kx &= m \cdot Vx = m \cdot \dot{x} \\
Ky &= m \cdot Vy = m \cdot \dot{y} \qquad (6.2.1) \\
Kz &= m \cdot Vz = m \cdot \dot{z}
\end{aligned}
$$

Со трите проекции (6.2.1) се дефинира и векторот $\vec{K}$ со интензитет, правец и насока.

$$K = \sqrt{Kx^2 + Ky^2 + Kz^2}$$

$$\cos\alpha_{\vec{K}} = \frac{Kx}{K}; \ \cos\beta_{\vec{K}} = \frac{Ky}{K}; \ \cos\gamma_{\vec{K}} = \frac{Kz}{K} \qquad (6.2.2)$$

Нека векторската равенка $\vec{K} = m \cdot \vec{V}$, се диференцира по времето:

$$\frac{d\vec{K}}{dt} = m \cdot \frac{d\vec{V}}{dt} = m \cdot \vec{a} = \vec{F} \qquad (6.2.3)$$

Од равенката (6.2.3) произлегува равенката:

$$\frac{d\vec{K}}{dt} = \vec{F} \qquad (6.24)$$

Равенката (6.2.4) го определува законот за количество на движење на материјална точка, а со тоа е определен и вториот Њутнов закон преку количеството на движење кој гласи:

Изводот на количеството на движење по времето е еднаков на силата која дејствува на материјалната точка.

Ако законот за количество на движење (6.2.4), се напише во следнава форма (диференцијална) се добива равенката:

$$d\vec{K} = \vec{F} \cdot dt \qquad (6.2.5)$$

Производот на силата $\vec{F}$ и елементарниот прираст на времето дефинираат карактеристика на силата наречена елементарен импулс $d\vec{J}$, чии правец и насока се совпаѓаат со правецот и насоката на силата (Сл.6.2.2).

Равенката (6.2.5) може да се напише во форма:

$$d\vec{K} = d\vec{J} \tag{6.2.6}$$



Сл.6.2.2

Елементарниот прираст на количеството на движење е еднаков на елементарниот импулс на силата.

Со диференцијалната равенка (6.2.6) се определува законот за прираст (промена) на количеството на движење во диференцијална форма.

Ако движењето на точката е во временски интервал од t_0 до t_1, импулсот на силата се добива во форма:

$$\vec{J} = \int_{t_o}^{t_1} d\vec{J} = \int_{t_o}^{t_1} \vec{F} \cdot dt \tag{6.2.7}$$

или со проекциите Jx, Jy и Jz:

$$Jx = \int_{t_o}^{t_1} Fx \cdot dt$$

$$Jy = \int_{t_o}^{t_1} Fy \cdot dt \tag{6.2.8}$$

$$Jz = \int_{t_o}^{t_1} Fz \cdot dt$$

Интензитетот, правецот и насоката на импулсот на силата се определуваат од равенките:

$$J = \sqrt{J_X^2 + J_Y^2 + J_Z^2}\ ;\ \cos\alpha_J = \frac{J_X}{J},\ \cos\beta_J = \frac{J_Y}{J},\ \cos\gamma_J = \frac{J_Z}{J} \tag{6.2.9}$$

За мерна единица на импулсот на сила е усвоен: $1N \cdot s$ или $1kg \cdot m \cdot s^{-1}$

Равенката (6.2.6) во интегрална форма е:

$$\int_{\vec{K}_0}^{\vec{K}_1} d\vec{K} = \vec{J}\ \text{, односно: }\ \vec{K}_1 - \vec{K}_0 = \vec{J} \tag{6.2.10}$$

Со равенката (6.2.10) се дефинира **Законот за прираст (промена) на количеството на движење на материјална точка во интегрална форма, кога движењето на точката е во конечен временски интервал од $t_0 - t_1$.**

Истиот гласи: Прирастот на количеството на движење ($\Delta\vec{K} = \vec{K}_1 - \vec{K}_0$) е еднаков на импулсот на силата создаден со дејството на силата во временскиот интервал од $t_0 - t_1$.



Сл.6.2.3

Од Сл.6.2.2 следува графичкиот приказ на импулсот на силата (Сл.6.2.3).

Со проектирање на векторската равенка (6.2.10) се добиваат следните аналитички (скаларни) равенки:

$$K_{1x} - K_{0x} = J_x$$
$$K_{1y} - K_{0y} = J_y$$
$$K_{1z} - K_{0z} = J_z$$

или:

$$m \cdot V_{1x} - m \cdot V_{0x} = \int_{t_o}^{t_1} Fx \cdot dt$$
$$m \cdot V_{1y} - m \cdot V_{0y} = \int_{t_o}^{t_1} Fy \cdot dt \qquad (6.2.11)$$
$$m \cdot V_{1z} - m \cdot V_{0z} = \int_{t_o}^{t_1} Fz \cdot dt$$

Со равенките (6.2.11) се дефинира законот за прираст на количество на движење во однос на координатните оски кој гласи:

Прирастот на проекцијата на количеството на движење по однос на било која оска е еднаков на проекцијата на импулсот на силата во однос на истата оска.

Во случај кога е силата $\vec{F} = 0$, следува дека и импулсот на силата $\vec{J} = 0$, а законот за прираст на количеството на движење се добива во форма:

$\vec{K}_1 - \vec{K}_0 = 0$, односно:

$$\vec{K}_1 = \vec{K}_0 = \vec{K} = m \cdot \vec{V} = const. \qquad (6.2.12)$$

Со равенката (6.2.12) се дефинира **законот за одржување на количеството на движење, односно првиот Њутнов закон, со кој се определува законот на инерцијалното, односно рамномерно праволиниско движење на материјална точка.**

Законот за прираст на количеството на движење може да се примени во случај кога е даден импулсот на силата $\vec{J}$ и почетната брзина $\vec{V}_0$, а се бара брзината на точката по изминатиот временски интервал ($t_0 - t_1$), односно:

$$\vec{V}_1 = \vec{V}_0 + \frac{1}{m}\vec{J} \qquad (6.2.13)$$

На оваа векторска равенка одговараат три скаларни равенки од кои ќе се определи и векторот на брзината $\vec{V}_1$.

Законот за прираст на количеството на движење се користи во теоријата на удар. Ударот е појава во природата кога во многу краток интервал на време, брзината на точката (материјалното тело) добива значајни промени.

6.3 ЗАКОН ЗА КИНЕТИЧКИ МОМЕНТ

Со законот за кинетички момент се дефинира промената на кинетичкиот момент во зависност од карактеристичното дејството на силата.

Кинетичкиот момент $\vec{l}_0$ е определен со моментот на количеството на движење во однос на координатниот почеток, полот O. Точка со маса m која се движи во просторот под дејство на сила $\vec{F}$, во даден момент содржи количество на движење $\vec{K} = m \cdot \vec{V}$ и момент на количеството на движење во однос на полот "O" (Сл.6.3.1), односно:

$$\vec{l}_0 = \left[\vec{r}, \vec{K}\right] = \left[\vec{r}, m \cdot \vec{V}\right] \tag{6.3.1}$$



Сл.6.3.1

Векторот $\vec{l}_0$ има правец и насока на позитивно ориентираната нормала во точка O на површината оформена од векторот на положбата $\vec{r}$ и векторот на количеството на дивжење $\vec{K}$, односно брзината $\vec{V}$.

Проекциите на кинетичкиот момент $\vec{l}_0$ во однос на Декартовиот координатен систем се определуваат преку детерминантата:

$$\vec{l}_0 = \left[\vec{r}, m \cdot \vec{V}\right] = \left[\vec{r}, m \cdot \dot{\vec{r}}\right] = \begin{vmatrix} \vec{i} & \vec{j} & \vec{k} \\ x & y & z \\ \dot{x} & \dot{y} & \dot{z} \end{vmatrix}$$

односно:

$$\begin{aligned} \vec{l}_{0x} &= m(y \cdot \dot{z} - z \cdot \dot{y}) \\ \vec{l}_{0y} &= m(z \cdot \dot{x} - x \cdot \dot{z}) \\ \vec{l}_{0z} &= m(x \cdot \dot{y} - y \cdot \dot{x}) \end{aligned} \tag{6.3.2}$$

Интензитетот, правецот и насоката:

$$l_0 = \sqrt{l_{0x}^{\ 2} + l_{0y}^{\ 2} + l_{0z}^{\ 2}}\ ,\ \cos\alpha_{l_0} = \frac{l_{ox}}{l_0}\ ;\ \cos\beta_{l_0} = \frac{l_{oy}}{l_0}\ ;\ \cos\gamma_{l_0} = \frac{l_{oz}}{l_0} \tag{6.3.3}$$

Нека равенката (6.3.1) се диференцира по времето t:

$$\frac{d\vec{l}_0}{dt}=\frac{d}{dt}\left[\vec{r}, m\cdot\vec{V}\right]=\cancelto{0}{\left[\frac{d\vec{r}}{dt}, m\cdot\vec{V}\right]}+\left[\vec{r}, m\cdot\frac{d\vec{V}}{dt}\right] \qquad (6.3.4)$$

Првиот член од равенството (6.3.4) е еднаков на нула, бидејќи векторскиот производ од два колинеарни вектори е еднаков на нула, и равенката (6.3.4) може да се напише во форма:

$$\frac{d\vec{l}_0}{dt}=\left[\vec{r}, m\cdot\vec{a}\right]=\left[\vec{r},\vec{F}\right]=\vec{M}_0^{\vec{F}} \qquad (6.3.5)$$

Векторскиот производ $\left[\vec{r},\vec{F}\right]$ определува момент на силата во однос на координатниот почеток О. Моментот на силата е вектор чии правец и насока се совпаѓаат со правецот и насоката на позитивно ориентираната нормала во полот "О" на површината, оформена од векторот на положбата $\vec{r}$ и силата $\vec{F}$ (Сл. 6.3.2).

Со равенството (6.3.5), односно: $\boxed{\frac{d\vec{l}_0}{dt}=\vec{M}_0^{\vec{F}}}$ **се определува Законот на кинетичкиот момент кој гласи:**



Сл.6.3.2

Изводот на кинетичкиот момент (моментот на количество во однос на полот 0) по времето, е еднаков на моментот на силата во однос на истиот пол.

Равенката (6.3.5) го дефинира законот за кинетичкиот момент во векторска форма. Проекциите на векторската равенка (6.3.5) го определуваат законот за кинетичкиот момент во аналитичка форма, односно:

$$\frac{dl_{0x}}{dt}=M_{ox}$$
$$\frac{dl_{0y}}{dt}=M_{oy} \qquad (6.3.6)$$
$$\frac{dl_{0z}}{dt}=M_{oz}$$

Со изразите (6.3.6) се дефинира законот за кинетичкиот момент во однос на оска кој гласи: Изводот на моментот на количеството на

движење во однос на оска по времето е еднаков на моментот на силата во однос на истата оска.

Моментот на силата е карактеристика на силата $\vec{F}$ чие дејство е поврзано со положбата на точката во однос на полот "O".

Komponentite na momentot na silata proizleguvaat od determinantata na vektorskata ravenka (6.3.5).



Сл.6.3.3

Нека е моментот на силата во однос на полот O еднаков на нула , т.е. $\vec{M}_0 = [\vec{r}, \vec{F}] = 0$. Следува дека нападната линија на силата $\vec{F}$ постојано минува низ полот O (Сл.6.3.3).

За: $\frac{d\vec{l}_0}{dt} = \vec{M}_0^{\vec{F}} = 0$, кинетичкиот момент

$$\vec{l}_0 = const. \qquad (6.3.7)$$

Со векторската равенка (6.3.7) се дефинира законот за одржување на кинетичкиот момент во однос на полот O. Движењето на точката е во постојана рамнина.

Законот за одржување на кинетичкиот момент важи при движењето на планетите на сончевиот систем, чие движење е под дејство на привлечни сили кои се секогаш насочени кон сонцето:



6.4 ZAKON ZA PRIRAST NA KINETI^KATA ENERGIJA

Neka e dadena materijalna to~ka M so masa m koja se dvi`i vo prostorot pod dejstvo na sila $\vec{F}$ (Sl.6.4.1). So poluproizvodot na masata i kvadratot na brzinata se definira dinami~kata karakteristika na dvi`eweto kineti~ka energija ili `iva sila na podvi`nata to~ka t.e.:

$$Ek = T = \frac{m \cdot V^2}{2}$$

Spored iznesenoto sleduva deka promenata na kvadratot na intenzitetot na brzinata pridonesuva za promena na kinetikata Ek.



Sl.6.4.1

Za da se opredeli karakteristikata na silata koja }e izvr{i promena na kineti~kata energija, se koristi dinami~kata ravenka na dvi`ewe po pravec na tangentata t.e. $m \cdot a_T = F_T$.

Neka ravenkata se pomno`i so elementarniot pat ds odnosno:

$$m \cdot a_T = F_T \quad / \quad \cdot ds$$

$$m \cdot \frac{dV}{dt} ds = F_T \cdot ds$$

$$m \cdot V \cdot dV = F \cos a \cdot ds$$

$$\frac{1}{2} d\left(m \cdot \frac{V^2}{2} \right) = \left(\vec{F}, d\vec{r} \right) \tag{6.4.1}$$

Izrazot od leva strana go opredeluva diferencijalot na kineti~kata energija, odnosno $dEk = dT$, a izrazot od desnata strane e skalaren proizvod na silata $\vec{F}$ i elementarnoto pomestuvawe $d\vec{r}$ na podvi`nata to~ka.

Karakteristikata na silata koja e opredelena so skalarniot proizvod na silata $\vec{F}$ i elementarnoto pomestuvawe na podvi`nata to~ka $d\vec{r}$ e nare~ena elementarna rabota i se ozna~uva so dA.

$$dA = \left(\vec{F}, d\vec{r} \right) \tag{6.4.2}$$

Ravenkata (6.4.1) mo`e da se napi{e vo forma:

$$dT = dA \tag{6.4.3}$$

Ravenkata (6.4.3) go definira **Zakonot za promena na kineti~kata energija vo diferencijalna forma koj glasi: Elementarnata promena na kineti~kata energija na to~kata e ednakva na elementarnata rabota na silata koja se izvr{uva vo dadeniot moment.**

Pri kone~no pomestuvawe na to~kata od polo`ba $M_0$ do krajna polo`ba M_1, kineti~kata energija se menuva. Vo polo`ba $M_0$ iznesuva: $T_0 = Ek_0 = \dfrac{m \cdot V_1^2}{2}$ , a vo polo`bata M_1: $T_1 = Ek_1 = \dfrac{m \cdot V_1^2}{2}$,(Sl. 6.4.2).



Sl.6.4.2

So integracija na diferencijalna ravenka (6.4.3) se dobiva:

$$\int_{T_0}^{T_1} dT = \int_{\overline{M_0 M_1}} dA \qquad (6.4.4)$$

$$T_1 - T_0 = A \qquad (6.4.5)$$

Ravenkata (6.4.5) go definira zakonot za promena na kineti~kata energija vo integralna (kone~na) forma, koj glasi:

Promenata na kineti~kata energija pri kone~noto pomestuvawe na to~kata, koe se slu~uva vo kone~en interval od vreme e ednakva na rabotata na silata koja e izvr{ena pri istoto kone~no pomestuvawe na to~kata.

Zakonot za promena na kineti~kata energija mo`e da se napi{e i vo sledna forma:

$$\frac{m\cdot V_1^2}{2} - \frac{m\cdot V_0^2}{2} = \int_{(M_0)}^{(M_1)} \left(\vec{F}, d\vec{r}\right) \qquad (6.4.6)$$

Rabotata na silata pri kone~noto pomestuvawe na to~kata od polo`ba $M_0$ do krajna polo`ba M_1 zavisi od skalarniot proizvod pod integralot koj mo`e da se definira preku komponenti na prirodniot ili dekartoviot koordinaten sistem, odnosno:

$$A = \int_{s_0}^{s_1} F_T(s)ds = \int_{M_0}^{M_1} F_x dx + F_y dy + F_z dz \qquad (6.4.7)$$

Od definicijata za elementarna rabota na silata koja dejstvuva na to~kata mo`e da se konstatira deka istata e skalarna golemina koja mo`e da bide pozitivna i negativna. Znakot "+" ili "-" proizleguva od nasokite na silata $\vec{F}$ i elementarnoto pomestuvawe na to~kata $d\vec{r}$. Ednakvo naso~eni vektori opredeluvaat pozitivna rabota, a sprotivno naso~eni vektori negativna rabota. (Sl.6.4.3).

Postoi grani~en slu~aj koga silata e normalna na elementarnoto pomestuvawe, elementarnata rabota e ednakva na nula.

Za opredeluvawe na rabota na silata pri kone~noto pomestuvawe, od polo`ba $M_0$ do krajna polo`ba M_1, potrebno e da se opredeli podintegralnata funcija koja mo`e da zavisi od polo`bata na to~kata (koordinata x,y,z) ili prirodnata koordinata r , a vo poedini slu~ai da se opredeli kako funkcija od vremeto t.



Sl.6.4.3

Rabotata na silata e skalarna golemina so merna edinica: $1Nm = 1J$ (1Xul).

GLAVA 7

NESLOBODNO DVI@EWE NA MATERIJALNA TO^KA

7.1 ВОВЕД ВО ДИНАМИКА НА НЕСЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ТОЧКА

Во техничката пракса во голем број случаи **движењето на материјалната точка е ограничено од постоењето на врски кои не зависат од почетните услови на движењето и од активните сили. Ваквото движење е наречено неслободно или принудено движење на материјална точка**.

Врските се дефинираат со помошта на равенки и неравенки на кои се потчинети координатите на материјалната точка. Според тоа, равенките на врските се **условени равенки со кои се ограничува слободата на движењето на материјална точка, а со тоа се намалува нејзината подвижност, односно степенот на слобода**.

На пример, материјална точка се движи по површината $f(x, y, z)=0$. Почетните кинематички услови како и координатите на точката во секој момент треба да ја задоволат условената равенка. Со тоа, една од координатите е зависна од останатите две независни координати и степенот на слобода се намалува и изнесува k=2.

Во динамиката се користат нај различни видови на врски. За наједноставни врски се третираат **геометриските или холономните со кои се ограничува само положбата на точката**, односно нејзините координати, на пример, површината $f(x, y, z)=0$.

Како посложени врски се таканаречените **кинематички или нехолономни врски со кои освен положбата се ограничува и брзината на точката**, на пример, равенката на врска $j\left(x, y, z, \dot{x}, \dot{y}, \dot{z}\right)=0$.

Постојат така наречени **стационарни или постојани врски кои не се менуваат со текот на времето и нестационарни или менливи кои се менуваат со текот на времето**, на пример $f(x, y, z, t)=0$..

Врските можат да извршат ограничување на движењето на точката и во некоја област на определена површина, на пример $f(x, y, z) \geq 0$. Точката може да остане на површината, но може и да се одвои од истата. **Станува збор за таканаречени еднострани или незадржувачки врски.**



Сл.7.1.1

На пример, рамнината $z \geq h$. Движењето на точката е во рамнината и во просторот над неа. (Сл.7.1.1).

Спротивно на едностраните врски се **двостраните или задржувачки врски при кои точката останува да се движи по врската и истата не може да ја напушти**. На пример, принудено движење по врска определена во пресек на две површини $f_1(x, y, z)=0$ и $f_2(x, y, z)=0$, односно линија во простор. (Сл.7.1.2).



Сл. 7.1.2

Пример: Незадржувачка или еднострана врска може да биде и конец чии крај во точката M содржи маса m, а во почетокот O е обесен за неподвижна потпора. Равенката и неравенката е:

$$x^2 + y^2 + z^2 - l^2 \leq 0$$

, каде е $\overline{OM} = l$.

За време на ротацијата, конецот може да ја приближи точката M кон центарот на ротацијата, на пример во положба M'.

Ако конецот се замени со крут стап (Сл.7.1.3) и на крајот се обеси точката M со маса m, равенката на врска се добива во форма:



Сл. 7.1.3

$$x^2 + y^2 + z^2 - l^2 = 0$$

Во овој случај врската е задржувачка или двострана. Точката е принудена да се движи по површината на топка.

Материјална точка која е принудена да се движи по дадена врска под дејство на некоја сила $\vec{F}$, ќе има влијание на врската кое е изразено со сила на притисок.

Според третиот закон на Њутн, врската која е материјална ќе дејствува со спротивна сила, која е еднаква по интензитет и правец на силата на притисок. Ваквите спротивни или реактивни сили се наречени динамички реакции на врски. Следува, дека дејството од врската врз материјалната точка се определува преку реакцијата на врската $\vec{F}_W$

При принудено движење на материјална точка по површина се користи **принципот на ослободување**, и влијанието од врската врз точката се изразува преку реакција на врската $\vec{F}_W = \vec{R}_W$.

Реакцијата $\vec{F}_W$ се разложува во две компоненти, **нормална** $\vec{F}_n$ **и тангенцијална** $\vec{F}_T$.



Сл.4

Нормалната реакција е со правец и насока на позитивно ориентираната нормала $\vec{n}$ на површина во точката M, односно градиентот на површината *gradf* (Сл.7.1.4).

Тангенцијалната компонента $\vec{F}_T$ е сила на триење која лежи во тангенцијалната рамнина на точката M, и има правец на брзината на точката а насока спротивна на движењето (Сл.7.1.4).

Нормалната реакција може да се определи во зависност од равенката на врската чие дејство е изразено преку градиентот, односно:

$$\vec{F}_n = \lambda \cdot gradf \tag{7.1.1}$$

каде се: $gradf = \frac{\partial f}{\partial x}\vec{i} + \frac{\partial f}{\partial y}\vec{j} + \frac{\partial f}{\partial z}\vec{k}$.

λ – е скаларен множител,

Градиентот на површината е векторска карактеристика за секоја точка од површината $f(x, y, z) = 0$.

Според **Кулоновиот закон интензитетот на силата на триење изнесува**:

$$F_T = \mu \cdot F_n \tag{7.1.2}$$

каде е: $\mu = tg\varphi$ - коефициент на кинетичко триење при лизгање.

Тоталната реакција на врска е:

$$\vec{F}_W = \vec{F}_n + \vec{F}_T \tag{7.1.3}$$

интензитетот е: $F_W = \sqrt{F_n^2 + F_T^2} = \lambda \cdot |gradf|\sqrt{1+\mu^2}$,а правецот со нормалата заклопува агол φ кој се определува според коефициентот на кинетичко триење при лизгање, добиен по експериментален пат.

Според реакцијата на врската постојат два вида на врски:

- **Идеални или глатки**, односно апстрактни врски кога се исклучува влијанието од силата на триење $\left(\vec{F}_T = 0\right)$, а $\vec{F}_W = \vec{F}_n$
- **Неидеални или рапави**, односно реални врски кога реакцијата на врската со правецот на нормата $\vec{n}$ заклопува агол φ, односно $\vec{F}_W = \vec{F}_n + \vec{F}_T$.

7.2 ПРИНУДНО ДВИЖЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ТОЧКА ПО ПОВРШИНА

Нека е дадена материјална точка која е принудена да се движи по холономна стационарна површина f(x,y,z)=0. **Диференцијалната равенка на принудното движење на материјалната точка ќе произлезе од принципот на ослободување од врската и вториот закон на Њутн.** Ако точката е под дејство и на активна сила, се добива следната диференцијална равенка:

$$m \cdot \frac{d^2\vec{r}}{dt^2} = \vec{F}_A + \vec{F}_W \tag{7.2.1}$$

односно:

$$m \cdot \frac{d^2\vec{r}}{dt^2} = \vec{F}_A + \vec{F}_n + \vec{F}_T \tag{7.2.2}$$

Ако се изразат изразат норналната компонента $\vec{F}_N$ и тангенцијалната компонента $\vec{F}_T$ со компоненти во Декартовиот координатен систем:

$$\vec{F}_N = l\,grad f = l\frac{\partial f}{\partial x}\vec{i} + l\frac{\partial f}{\partial y}\vec{j} + l\frac{\partial f}{\partial z}\vec{k} = F_{Nx}\vec{i} + F_{Ny}\vec{j} + F_{Nz}\vec{k} \qquad (7.2.3)$$

$$\vec{F}_T = -F_T\frac{\vec{r}}{r} = -\left(F_T\frac{\dot{x}}{r}\vec{i} + F_T\frac{\dot{y}}{r}\vec{j} + F_T\frac{\dot{z}}{r}\vec{k}\right) = F_{Tx}\vec{i} + F_{Ty}\vec{j} + F_{Tz}\vec{k} \qquad (7.2.4)$$

се добиваат следните аналитичките диференцијални равенки:

$$\begin{aligned} m\cdot\frac{d^2x}{dt^2} &= F_{Ax} + F_{nx} + F_{Tx} \\ m\cdot\frac{d^2y}{dt^2} &= F_{Ay} + F_{ny} + F_{Ty} \\ m\cdot\frac{d^2z}{dt^2} &= F_{Az} + F_{nz} + F_{Tz} \end{aligned} \qquad (7.2.5)$$

Равенките (7.2.5) се диференцијални равенки од втор ред, и се познати во литературата како **Лагранжови равенки на движење од прв ред**, при движење на точка по површина f(x,y,z)=0.

Со Лагранжовите равенки на движење од прв ред, со почетните услови на движењето и со равенките на врските наполно се определува принудното движење на материјалната точка, преку нејзиниот закон на движење и динамичките реакции на врски.

Законот на движење се определува со равенките:

$$\begin{aligned} x &= x(t, t_0, x_0, y_0, z_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0, \dot{z}_0) \\ y &= y(t, t_0, x_0, y_0, z_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0, \dot{z}_0)\,, \\ z &= z(t, t_0, x_0, y_0, z_0, \dot{x}_0, \dot{y}_0, \dot{z}_0) \end{aligned}$$

а реакцијата на врската преку компонентите $F_n = \sqrt{F_{nx}^2 + F_{ny}^2 + F_{nz}^2}$ и $F_T = m\cdot F_n$, односно тоталната реакција на врска $F_W = \sqrt{F_n^2 + F_T^2}$.

При движење на материјална точка по неидеална врска се исклучува тангенцијалната компонента, односно силата на триењето, $\vec{F}_T = 0\left(F_{Tx} = F_{Ty} = F_{Tz} = 0\right)$.

7.3. ПРИНУДНО ДВИЖЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ТОЧКА ПО ЛИНИЈА

Материјалната точка со маса m е принудена да се движи по стационарна холономна реална врска орпеделена со равенките $f_1(x,y,z)=0$ и $f_2(x,y,z)=0$, под дејство на сила $\vec{F}=\vec{F}_A$.

Двете равенки дефинираат линија во просторот определена во пресекот на двете површини. Се користи принципот на ослободување на материјалната точка од врската и влијанието од истата се заменува со реакцијата $\vec{F}_W$.



Сл. 7.3.1

Нека е дадено принудното движење во Декартовиот координатен систем (Сл.7.3.1). Од двете површини произлегуваат компонентите на тоталната реакција на врска.

$$\vec{F}_W=\vec{F}_{W1}+\vec{F}_{W2} \tag{7.3.1}$$

каде се:

$$\begin{aligned}\vec{F}_{W1}&=\vec{F}_{n1}+\vec{F}_{T1}=l_1\cdot gradf_1-F_{T1}\frac{\vec{n}}{n}\\ \vec{F}_{W2}&=\vec{F}_{n2}+\vec{F}_{T2}=l_2\cdot gradf_2-F_{T2}\frac{\vec{n}}{n}\end{aligned} \tag{7.3.2}$$

Тангенцијалната компонента изнесува:

$$\vec{F}_T=\vec{F}_{T1}+\vec{F}_{T2}=-(F_{T1}+F_{T2})\frac{\vec{n}}{n}=-F_T\frac{\vec{n}}{n} \tag{7.3.3}$$

каде се: $F_{T1}=m\cdot F_{n1}=m\cdot l_1\cdot\left|gradf_1\right|$, $F_{T2}=m\cdot F_{n2}=m\cdot l_2\cdot\left|gradf_2\right|$

Диференцијалната равенка на принудното движење се определува од вториот Њутнов закон:

$$m\cdot\frac{d^2\vec{r}}{dt^2}=\vec{F}_A+\vec{F}_W \tag{7.3.4}$$

Со замена на (7.3.1),(7.3.2) и (7.3.3) во равенката (7.3.4) се добива следната диференцијална равнека на принудно движење по линија:

$$m\cdot\frac{d^2\vec{r}}{dt^2}=\vec{F}_A+l_1\cdot gradf_1+l_2\cdot gradf_2-F_T\frac{\vec{n}}{n} \tag{7.3.5}$$

Со проекција на векторската равенка (7.3.5) по однос на координатните оски се добиваат следните диференцијални равенки на принудното движење на точка по линија во скаларна форма:

$$m \cdot \frac{d^2x}{dt^2} = F_{Ax} + l_1 \cdot \frac{\partial f_1}{\partial x} + l_2 \cdot \frac{\partial f_2}{\partial x} - \frac{F_T}{n}\frac{\partial x}{\partial t}$$
$$m \cdot \frac{d^2y}{dt^2} = F_{Ay} + l_1 \cdot \frac{\partial f_1}{\partial y} + l_2 \cdot \frac{\partial f_2}{\partial y} - \frac{F_T}{n}\frac{\partial y}{\partial t} \qquad (7.3.6)$$
$$m \cdot \frac{d^2z}{dt^2} = F_{Az} + l_1 \cdot \frac{\partial f_1}{\partial z} + l_2 \cdot \frac{\partial f_2}{\partial z} - \frac{F_T}{n}\frac{\partial z}{\partial t}$$

Со трите диференцијални равнеки се определени Лагранжовите равенки од прв ред на принудено движење по линија.

Интегралите на диференцијалните равенки, почетните кинематички услови на движењето на точката M и равенките на врските, наполно го определуваат принудното движење на материјалната точка по линија. Освен законот на движење, кој е определен со трите координати $x = x(t)$, $y = y(t)$ и $z = z(t)$ се определува и динамичката реакција на врска $\vec{F}_W$.

Динамичката реакција $\vec{F}_W$ се определува на следниот начин:

$$\vec{F}_W = \vec{F}_{W1} + \vec{F}_{W2} = l_1 \cdot gradf_1 + l_2 \cdot gradf_2 - F_T \frac{\vec{n}}{n} \qquad (7.3.7)$$

односно:

$\vec{F}_W = \vec{F}_n + \vec{F}_T$, каде е: $\vec{F}_n = \vec{F}_{n1} + \vec{F}_{n2} = l_1 \cdot gradf_1 + l_2 \cdot gradf_2$

Компонентите на нормалната динамичка реакција $\vec{F}_n$ во декартовиот координатен систем се определуваат од равенките:

$$F_{nx} = l_1 \cdot \frac{\partial f_1}{\partial x} + l_2 \cdot \frac{\partial f_2}{\partial x}$$
$$F_{ny} = l_1 \cdot \frac{\partial f_1}{\partial y} + l_2 \cdot \frac{\partial f_2}{\partial y} \qquad (7.3.8)$$
$$F_{nz} = l_1 \cdot \frac{\partial f_1}{\partial z} + l_2 \cdot \frac{\partial f_2}{\partial z}$$

интензитетот на $\vec{F}_n$ изнесува:

$$F_n = \sqrt{F_{nx}^2 + F_{ny}^2 + F_{nz}^2} \qquad (7.3.9)$$

Тангенцијална динамичка реакција на врска:

$$\left|\vec{F}_T\right| = \left|\vec{F}_{T1}\right| + \left|\vec{F}_{T2}\right| = m \cdot \left|\vec{F}_{n1}\right| + m \cdot \left|\vec{F}_{n2}\right| = m\left(l_1 \cdot \left|gradf_1\right| + \left|l_2 \cdot gradf_2\right|\right) \qquad (7.3.10)$$



Сл. 7.3.2

$\vec{F}_n$ **лежи во нормалната рамнина** p_u **нормална на тангентата на траекторијата , а** $\vec{F}_T$ **во правец на тангентата,** а **насока спротивна на насоката на брзината** (Сл.7.3.2).

Интензитетот на тоталната динамичка реакција е:

$$F_W = \sqrt{F_n^2 + F_T^2} \tag{7.3.11}$$

Правецот на $\vec{F}_W$ со нормалната компонента го заклопува аголот φ кој е определен преку коефициентот на кинематичко триење при лизгање $tg\varphi = \mu$.

7.4. ПРИНУДНО ДВИЖЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ТОЧКА ПО ЛИНИЈА ВО ПРИРОДЕН КООРДИНАТЕН СИСТЕМ

Принудното движење по линија може да се определи и во природниот координатен систем за просторна линија $M(\vec{T}, \vec{N}, \vec{B})$. Се тргнува од векторската равенка:

$$m \cdot \vec{a} = \vec{F}_A + \vec{F}_W$$
$$m \cdot \vec{a} = \vec{F}_A + \vec{F}_n + \vec{F}_T$$



Со проектирање на векторската равенка по трите координатни оски се добива:

$$\begin{aligned} m \cdot a_T &= F_{AT} - F_T \\ m \cdot a_N &= F_{AN} + F_{nN} \\ 0 &= F_{AB} + F_{nB} \end{aligned} \tag{7.4.1}$$

Силата на триењето $\vec{F}_T$ е по правец на тангентата на траекторијата, а нормална реакција $\vec{F}_n$ има проекции во однос на главна нормала $\vec{F}_{nN}$ и во однос на бинормалата $\vec{F}_{nB}$. Ако силата на триењето се изрази според Кулоновиот закон $F_T = \mu \cdot F_N$ и компонентите на забрзувањето според формулите за движење во природен координатен систем, равенките (7.4.1) се добиваат во форма:

$$\begin{aligned} m \cdot \frac{d^2 s}{dt^2} &= F_{AT} - \mu F_n \\ m \cdot \frac{V^2}{Rf} &= F_{AN} + F_{nN} \\ 0 &= F_{AB} + F_{nB} \end{aligned} \tag{7.4.2}$$

Со трите равенки (7.4.2) се дефинира приндуно движење на точка по линија во природен координатен систем.

Законот на движењето и динамичките реакции на врската се определуваат со дадените динамички равенки, почетните услови на движењето и од равенките на врската.

Тоталната реакција на врска $\vec{F}_W$ се определува преку компонентите:

$\vec{F}_W = \vec{F}_n + \vec{F}_T$, и има интензитет:

$F_W = \sqrt{F_n^2 + F_T^2}$, каде што: $F_n = \sqrt{F_{nN}^2 + F_{nB}^2}$, $F_T = m \cdot F_n = m \cdot \sqrt{F_{nN}^2 + F_{nB}^2}$

При принудно движење на точка по линија важи законот за промена на кинетичката енергија, односно:

$$T - T_0 = \int_{M_0M} dA^{\vec{F}_A} + \int_{M_0M} dA^{\vec{F}_T}\text{, или:}$$

$$\frac{mV^2}{2} - \frac{mV_0^2}{2} = A^{\vec{F}_A} + A^{\vec{F}_T}$$

Работата на нормалната динамичка реакција на врска секогаш е еднаква на нула како резултат од елементарната работа: $dA^{\vec{F}n} = \left(\vec{F}_n, d\vec{r}\right) = 0$ ($\vec{F}_n \perp d\vec{r}$).

Елементарната работа на тангенцијалната компонента може да се определи од изразот: $dA^{\vec{F}_T} = \left(\vec{F}_T, d\vec{r}\right) = \left(-F_T \frac{\vec{n}}{n}, d\vec{r}\right) = -\left(\vec{F}_T, d\vec{r}\right)$.Следува дека $dA^{\vec{F}_T} < 0$. Според изнесеното може да се констатира дека и **конечната работа на тангенцијалната компонента е секогаш негативна.**

При принудно движење на материјална точка по идеална (глатка) линија, во диференцијалните равенки на движење динамичката реакција на врска $\vec{F}_W = \vec{F}_n$, а тангенцијалната компонента (силата на триењето), $\vec{F}_T = 0$.

При идеални врски промената на кинетичката енергија е резултат од работата на активната сила $\vec{F}_A$.

7.5. MATEMATI^KO NI[ALO

Matemati~ko ni{alo pretstavuva materijalna to~ka obesena na nerasteglivo ja`e so dol`ina l, pricvrsteno vo nepodvi`na to~ka i prinudeno da se dvi`i vo vertikalna ramnina po traektorija koja pretstavuva del od kru`nica: $x^2 + y^2 = l^2$ (Sl.7.5.1).



Sl. 7.5.1

Vo po~etniot moment $t_o = 0$ to~kata se nao|a vo ramnote`nata polo`ba $\overline{OO_1}$. Ako i soop{time po~eten otklon j_o i po~etna aglova brzina w_o taa }e zapo~ne da se dvi`i vo vertikalnata ramnina. Dvi`eweto se vr{i pod dejstvo na silata na zemjinata te`a i reakcijata od vrskata (silata vo ja`eto). Polo`bata na materijalnata to~ka e definirana so agolot $j = j(t)$.

Diferencijalnata ravenka na prinudnoto dvi`ewe glasi:

$$m\vec{a} = \vec{F}_A + \vec{F}_W \tag{7.5.1}$$

Ako dvi`eweto go razgledame vo priroden koordinaten sistem se dobivaat dve skalarni ravenki:

$$\begin{aligned} m\,a_T &= G_T \\ m\,a_N &= G_N + F_N \end{aligned} \tag{7.5.2}$$

$$\begin{aligned} m\frac{dV}{dt} &= -G\sin j \\ m\frac{V^2}{l} &= -G\cos j + F_N \end{aligned} \tag{7.5.3}$$

Ako se zeme vo predvid deka: $s = l \cdot j$ i se izvr{i zamena:

$$\frac{dV}{dt} = \frac{d^2 s}{dt^2} = l \cdot \frac{d^2 j}{dt^2} \tag{7.5.4}$$

se dobiva: $m \cdot l \cdot \dfrac{d^2 j}{dt^2} + G\sin j = 0$ ili:

$$\frac{d^2 j}{dt^2} + \frac{g}{l}\sin j = 0 \tag{7.5.5}$$

Se razgleduva slu~aj na mali oscilacii (mali otkloni), pa se zema deka e $\sin j \approx j$ i se dobiva homogena diferencijalna ravenka od vtor red so konstantni koeficienti so koja e definirano harmonisko oscilatorno dvi`ewe:

$$\frac{d^2 j}{dt^2} + \frac{g}{l} j = 0 \tag{7.5.6}$$

$\dfrac{g}{l} = k^2 \Rightarrow k = \sqrt{\dfrac{g}{l}}$, kade k e kru`nata frekvenca.

$$\frac{d^2 j}{dt^2} + k^2 j = 0$$

Op{tiot integral koj pretstavuva re{enie na diferencijalnata ravenka glasi:

$$j = A\cos kt + B\sin kt$$
$$\dot{j} = -Ak\sin kt + Bk\cos kt \qquad (7.5.7)$$

Integracionite konstanti se dobivaat od po~etnite uslovi:

$$t = 0 \Rightarrow j = j_o \,,\, w = w_o = \dot{j}_o \qquad (7.5.8)$$

$$A = j_o \,,\ B = \frac{w_o}{k} \qquad (7.5.9)$$

Ravenkata na harmoniskoto oscilatorno dvi`ewe dobiva oblik:

$$j = j_o \cos kt + \frac{w_o}{k}\sin kt \qquad (7.5.10)$$

Ako se vovede smena:

$$j_o = a \sin b \quad , \quad \frac{w_o}{k} = a \cos b \qquad (7.5.11)$$

ravenkata na harmoniskoto oscilatorno dvi`ewe dobiva poprakti~en oblik:

$$j = a \sin(kt + b) \qquad (7.5.12)$$

kade a e maksimalniot otklon koj go dostignuva to~kata i zavisi od po~etnite uslovi i kru`nata frekvenca:

$$a = \pm\sqrt{j_o^2 + \left(\frac{w_o}{k}\right)^2} \qquad (7.5.13)$$

a b e po~etnata fazna razlika koja isto taka zavisi od po~etnite uslovi i kru`nata frekvenca:

$$b = arc\ tg\ \frac{j_o k}{w_o} \qquad (7.5.14)$$

Periodata na oscilatornoto dvi`ewe ne zavisi od po~etnite uslovi, tuku samo od fizi~kite karakteristiki na matemati~koto ni{alo. Takvo dvi`ewe se narekuva **izohrono**:

$$T = \frac{2p}{k} = 2p\sqrt{\frac{l}{g}} \qquad (7.5.15)$$

So zakonot na dvi`eweto $j = j(t)$ se opredeleni site kinemati~ki karakteristiki na dvi`eweto: brzinata, zabrzuvaweto i soodvetnite komponenti vo prirodeni koordinaten sistem a_T i a_N (Sl.7.5.1).

Dinami~kata reakcija na vrska $\vec{F}_N$ (silata vo ja`eto) se opredeluva od vtorata ravenka od ravenka (7.5.3) :

$$F_N = \frac{mV^2}{l} + mg\cos j \qquad (7.5.16)$$

GLAVA 8

MATERIJALNI MOMENTI NA INERCIJA

8.1 ДЕФИНИЦИЈА И ВИДОВИ НА МАТЕРИЈАЛНИ МОМЕНТИ НА ИНЕРЦИЈА

Материјална точка (модел на материјално тело) со маса m која се движи под дејство на сила $\vec{F}$ добива забрзување кое е пропорционално на силата, а обратно пропорционално на масата. Според тоа, со масата на телото е окарактеризирана инерцијата на телото при промената на движењето. На тело со поголема маса инерцијата е поголема и телото добива помало забрзување. Спротивно, тело со помала маса односно помала инерција, добива поголемо забрзување ако се двете тела под дејство на еднакви сили.

Во случај ако тело со маса m е на растојание r во однос на некоја оска на ротација Oz (Сл.8.1.1).



Сл.8.1.1

Нека системот врши ротација под дејство на момент од сила Mz. Системот добива аглово забрзување e , односно настанува промена во движењето. Со промена на положбата на масата, односно растојанието r се менува и аголовото забрзување e.

Ако е масата m на растојание $r_1 > r$ аголовото забрзување се намалува, односно $e_1 < e$ во случај на еднаков момент на силата Mz. Материјално тело кое е на поголемо растојание во однос на ротационата оска е со поголема инерција (Сл. 8.1.1).

Експериментот покажува дека својството на инерција при ротација зависи од производот на масата и квадратот на растојанието во однос на избраната оска на ротација, односно $e = \dfrac{Mz^F}{m \cdot r^2}$. **Следува дека инерцијата при ротација во дадениот случај се дефинира со големината** $m \cdot r^2$.

Инерцијата при ротација околу оската Oz окарактеризирана со големина $m \cdot r^2$ е наречена **материјален момент на инерција** во однос на оска Oz и се означува со Jz:

$$Jz = m \cdot r^2 \qquad (8.1.1)$$

Поимот материјален момент може да се генерализира, односно дефинира како големина добиена од производот на масата и квадратот на растојанието во однос на оска, во однос на точка, во однос на рамнина или производот на масата и координатите на положбата на масата во однос на взаемно нормални оски (Сл. 8.1.2).



$Jz = m \cdot r^2$ $\quad$ $J_O = m \cdot r^2$ $\quad$ $\Pi xy = m \cdot z^2$ $\quad$ $Jxy = m \cdot x \cdot y$

a) b) c) d)

Сл. 8.1.2

Материјалниот момент на инерција во однос на **оска** е наречен **аксијален материјален момент на инерција**, на пример *Jz* (Сл. 8.1.2a.).

Материјалниот момент на инерција во однос на **точка** е наречен **поларен материјален момент на инерција**, на пример во однос на полот O е *Jo* (Сл.8.1.2b.).

Материјалниот момент на инерција во однос на **рамнина** е наречен **планарен материјален момент на инерција**, на пример во однос на коодинатната рамнина *Oxy*, означен со П*xy* (Сл. 8.1.2c).

Материјалниот момент на инерција во однос на **заемно нормални оски** е наречен **центрифугален материјален момент на инерција**, на пример *Jxy* (Сл. 8.1.2d.).

Димензиите на материјалниот момент на инерција произлегуваат од производот на димензијата на масата и димензијата на квадратот на должината, односно, $[J] = [M \cdot L^2]$, а **мерната единица изнесува 1kgm²**. $1 kg \cdot m^2$ е материјален момент на инерија добиен од тело со маса m=1kg кое се наоѓа на растојание од 1m. во однос на оска, точка или рамнина.



Сл.8.1.3

Нека е дадено **хомогено круто тело со специфична маса (густина)** $r = \dfrac{m}{V} = const. \left[\dfrac{kg.}{m^3}\right]$ и декартов координантен систем *oxyz*, во однос на кој треба да се определат материјалните моменти на инерција. Се избира точка *M* со елементарна маса *dm*, чија положба е определена со векторот $\vec{r}$, односно координатите *x*, *y* и *z* (Сл.8.1.3).

Планарните материјални моменти на елементарната маса *dm* во однос на трите координатни рамнини се:

$$d\Pi oxy = z^2 \cdot dm = z^2 \cdot r \cdot dV$$
$$d\Pi oyz = x^2 \cdot dm = x^2 \cdot r \cdot dV \qquad (8.1.2)$$
$$d\Pi ozx = y^2 \cdot dm = y^2 \cdot r \cdot dV$$

Со определен интеграл по волуменот на телото се определуваат планарните материјални моменти на инерција на материјално тело;

$$\Pi oxy = r \cdot \iiint_V z^2 \cdot dV = r \cdot \int_V z^2 \cdot dV$$
$$\Pi oyz = r \cdot \iiint_V x^2 \cdot dV = r \cdot \int_V x^2 \cdot dV \qquad (8.1.3)$$
$$\Pi ozx = r \cdot \iiint_V y^2 \cdot dV = r \cdot \int_V y^2 \cdot dV$$

Аксијалните материјални моменти на инерција се определуваат во однос на трите координатни оски ox, oy и oz.

Елементарните аксијални материјални моменти на инерција се:

$$dJx = r_x{}^2 \cdot dm = \left(y^2 + z^2\right) \cdot r \cdot dV$$
$$dJy = r_y{}^2 \cdot dm = \left(z^2 + x^2\right) \cdot r \cdot dV \qquad (8.1.4)$$
$$dJz = r_z{}^2 \cdot dm = \left(x^2 + y^2\right) \cdot r \cdot dV$$

Интегралите по волуменот на материјалното тело ги определуваат аксијалните материјани моменти на инерција во однос на трите ортогонални оски:

$$Jx = r \iiint_V \left(y^2 + z^2\right) dV$$
$$Jy = r \iiint_V \left(z^2 + x^2\right) dV \qquad (8.1.5)$$
$$Jz = r \iiint_V \left(x^2 + y^2\right) dV$$

Материјалниот момент на инерција во однос на координатниот почеток O го определува поларниот материјален момент на инерција Jo.

Елементарен поларен материјален момент на инерција:

$$dJo = r^2 \cdot dm = \left(x^2 + y^2 + z^2\right) \cdot r \cdot dV \qquad (8.1.6)$$

Поларниот материјален момент на инерција Jo се добива со определен интеграл по волуменот на материјалното тело, т.е

$$Jo = r \cdot \iiint_V \left(x^2 + y^2 + z^2\right) dV \qquad (8.1.7)$$

Ако се изврши компарација помеѓу материјалните аксијални и планарни моменти на инерција и поларниот материјален момент на инерција, ќе се констатираат следните заемни зависности:

$$Jo = \Pi oxy + \Pi oyz + \Pi ozx = \frac{1}{2}\left(Jx + Jy + Jz\right)$$
$$Jx = \Pi oxy + \Pi ozx \qquad (8.1.8)$$
$$Jy = \Pi oyz + \Pi oxy$$
$$Jz = \Pi ozx + \Pi oyz$$

Аксијалниот материјален момент на инерција во однос на некоја оска секогаш е поголем од разликата, а помал од збирот на аксијалните материјални моменти на инерција во однос на останатите две оски, односно:

$$Jx - Jy < Jz < Jx + Jy$$
$$Jy - Jz < Jx < Jy + Jz \qquad (8.1.9)$$
$$Jz - Jx < Jy < Jz + Jx$$

Центрифугалните материјални моменти на инерцијата се определуваат во однос на взаемно нормалните координатни оски. Елементарните материјални моменти на инерција се добиваат од производот на елементарната маса dm и растојанијата во однос на оригиналните оски, т.е:

$$dJxy = x \cdot y \cdot dm = r \cdot x \cdot y \cdot dV$$
$$dJyz = y \cdot z \cdot dm = r \cdot y \cdot z \cdot dV \qquad (8.1.10)$$
$$dJzx = z \cdot x \cdot dm = r \cdot z \cdot x \cdot dV$$

Интегралите на равенките (8.1.10) ги определуваат центрифугалните материјални моменти на инерција на телото во однос на избраниот координатен систем:

$$Jxy = r \cdot \iiint_V x \cdot y \cdot dV$$
$$Jyz = r \cdot \iiint_V y \cdot z \cdot dV \qquad (8.1.11)$$
$$Jzx = r \cdot \iiint_V z \cdot x \cdot dV$$

Од изведените изрази за определување на материјалните моменти на инерција, произлекува дека **аксијалните, поларниот и планарните моменти на инерција секогаш се позитивни (>0), а центрифугалните можат да бидат позитивни и негативни ($>$ или <0)**.

Со квадратен корен на количникот на аксијалниот материјален момент на инерција и масата на телото се дефинира поимот **радиус на инерција**, на пример:

$$i_z = \sqrt{\frac{Jz}{m}} \qquad (8.1.12)$$

Врз основа на равенка (8.1.12) може да се определи равенката:

$$Jz = i_z^{\,2} \cdot m \qquad (8.1.13)$$

Од (8.1.13) може да се заклучи дека за материјалното тело кое е поставено на растојание i_z во однос на оската на ротацијата, материјалниот момент на инерција останува непроменет.

Нека е даден **материјален систем од *n* материјални тела**, дискретно распределени во просторот (Сл.8.1.4).



Сл. 8.1.4

Планарните материјални моменти на инерција се:

$$\Pi oxy = \sum_1^n m_i \cdot z_i^{\,2}$$
$$\Pi oyz = \sum_1^n m_i \cdot x_i^{\,2} \qquad (8.1.14)$$
$$\Pi ozx = \sum_1^n m_i \cdot y_i^{\,2}$$

Аксијалните материјални моменти на инерција се:

$$Jx = \sum_1^n m_i \left(y_i^2 + z_i^2\right)$$
$$Jy = \sum_1^n m_i \left(z_i^2 + x_i^2\right) \qquad (8.1.15)$$
$$Jz = \sum_1^n m_i \left(x_i^2 + y_i^2\right)$$

Поларниот материјален момент на инерција е:

$$Jo = \sum_1^n m_i \left(x_i^{\,2} + y_i^{\,2} + z_i^{\,2}\right) \qquad (8.1.16)$$

Центрифугалните материјални моменти на инерцијата се:

$$Jxy = \sum_1^n m_i \cdot x_i \cdot y_i$$
$$Jyz = \sum_1^n m_i \cdot y_i \cdot z_i \qquad (8.1.17)$$
$$Jzx = \sum_1^n m_i \cdot z_i \cdot x_i$$

8.2 МАТЕРИЈАЛНИ МОМЕНТИ НА ИНЕРЦИЈА ВО ОДНОС НА ПАРАЛЕЛНИ ОСКИ

Пред да се определат материјалните моменти на инерција за паралелни оски потребно е да се дефинира поимот средиште или центар на маса на материјално тело. **Средиштето или центарот на масите е точка од телото во однос на која статичкиот момент на масата на телото е еднаков на нула, т.е. масата е еднакова на нула, а тоа значи дека масата во однос на оваа точка е рамномерно распределена.**

Со избор на референтен координатен систем Oxyz се дефинира положбата на средиштето, односно центарот C, преку радиус векторот $\vec{r}_C$ определен од равенката:

$$\vec{r}_C = \frac{\iiint\limits_{(m)} \vec{r} \cdot dm}{m} = \frac{r \cdot \iiint\limits_{(V)} \vec{r} \cdot dV}{m} \tag{8.2.1}$$

Проекциите на векторската равенка (1) се трите координати:

$$x_C = \frac{r \cdot \iiint\limits_{(V)} x \cdot dV}{m}; \quad y_C = \frac{r \cdot \iiint\limits_{(V)} y \cdot dV}{m}; \quad z_C = \frac{r \cdot \iiint\limits_{(V)} z \cdot dV}{m}; \tag{8.2.2}$$

За определувањ е на паралелни материјални моменти на инерција се избираат два паралелни координатни системи и тоа: $Cx'y'z' \parallel Oxyz$ (Сл.8.21).

Произволна точка M со елементарна маса dm, има вектор на положба $\vec{r}$ во однос на $Oxyz$ и вектор на положба $\vec{r}$ во однос на $Cx'y'z'$.

Врските помеѓу векторот $\vec{r}$ и $\vec{r}$ се дадени со следната равенка:

$$\vec{r} = \vec{r}_C + \vec{r} \tag{8.2.3}$$



Сл. 8.2.1

Проекциите на векторската равенка се:

$$\begin{aligned} x &= x_C + x' \\ y &= y_C + y' \\ z &= z_C + z' \end{aligned} \tag{8.2.4}$$

каде се: $x_C = const.$, $y_C = const.$ и $z_C = const.$

Аксијалниот момент на инерција во однос на координатната оска Ox:

$$J_x = r\iiint\limits_V \left(y^2 + z^2\right)dV = r\iiint\limits_V \left[(y_C + y')^2 + (z_C + z')^2\right]dV =$$
$$= {y_C}^2 \cdot r\iiint\limits_V dV + 2y_C \cdot r\iiint\limits_V y' \cdot dV + r\iiint\limits_V y'^2 \cdot d +$$
$$+ {z_C}^2 \cdot r\iiint\limits_V dV + 2z_C \cdot r\iiint\limits_V z' \cdot dV + r\iiint\limits_V z'^2 \cdot dV =$$
$$= \left({y_C}^2 + {z_C}^2\right)\cdot r\iiint\limits_V dV + r\iiint\limits_V \left(y'^2 + z'^2\right)dV = \left({y_C}^2 + {z_C}^2\right)\cdot m + J_{x'} \tag{8.2.5}$$

Изразите: $r\iiint\limits_V y' \cdot dV = 0$, $r\iiint\limits_V z' \cdot dV = 0$ се резултат од **статичкиот момент на масата во однос на средиштето кој е еднаков на нула**.

Материјалниот момент на инерција во однос на координатната оска Ox се изразува во следнава форма:

$$J_x = J_{x'} + \left({y_C}^2 + {z_C}^2\right)\cdot m \tag{8.2.6}$$

каде $J_{x'}$ **е материјален момент на инерција за оската која минува низ центарот C и е наречен сопствен материјален момент на инерција**. **Вториот член**, кој зависи од референтниот координатен систем $Oxyz$ во однос на кој е определен центарот C, го дефинира **положбениот материјален момент на инерција**. На овој начин , според **Штајнеровата теорема: Материјалниот момент на инерција за некоја произволна оска во телото е еднаков на збирот од сопствениот материјален момент на инерција за паралелна оска и положбениот материјален момент на инерција.**

Положбениот материјален момент на инерција се определува со производот на масата и квадратот на растојанието помеѓу разгледуваната оска и паралелната оска во центарот на материјалното тело.

Аналогно се определуваат материјалните моменти на инерција во однос на дополнителните координативни оски Oy и Oz, односно:

$$J_y = J_{y'} + \left({z_C}^2 + {x_C}^2\right)\cdot m$$
$$J_z = J_{z'} + \left({x_C}^2 + {y_C}^2\right)\cdot m \tag{8.2.7}$$

Штајнеровата теорема важи и за центрифугалните материјални моменти на инерција. За избраниот референтен координатен систем $Oxyz$ се добиваат следните центрифугални моменти на инерција:

$$J_{xy} = J_{x'y'} + m \cdot x_C \cdot y_C$$
$$J_{yz} = J_{y'z'} + m \cdot y_C \cdot z_C \tag{8.2.8}$$
$$J_{zx} = J_{z'x'} + m \cdot z_C \cdot x_C$$

8.3 МАТЕРИЈАЛЕН МОМЕНТ НА ИНЕРЦИЈА ВО ОДНОС НА ПРОИЗВОЛНА ОСКА

Нека е дадено материјално тело со материјалните моменти на инерција Jx, Jy, Jz, Jxy, Jyz и Jzx определени во однос на избраниот координатен систем $OXYZ$ (Сл. 8.3.1). **Треба да се определи материјалниот момент на инерција во однос на произволна оска која минува низ координатен почеток и има правец и насока определени со ортот:**

$$\vec{p} = cos\,\alpha\vec{i} + cos\,\beta\vec{j} + cos\,\gamma\vec{k} \tag{8.3.1}$$



Сл. 8.3.1

Елементарниот материјалаен момент на инерција во однос на оската p:

$$dJp = dm \cdot \overline{MM_p}^2 = dm \cdot h^2 = \rho \cdot dv \cdot h^2 \tag{8.3.2}$$

Растојанието од точката М до $\vec{p}$:

$$h^2 = \overline{MM_p}^2 = r^2 - \overline{OM_p}^2 \tag{8.3.3}$$

или

$$\begin{aligned} h^2 &= (x^2+y^2+z^2) - (\vec{r},\vec{p})^2 = x^2+y^2+z^2 - (x\cos\alpha + y\cos\beta + z\cos\gamma)^2 = \\ &= x^2+y^2+z^2 - x^2\cos^2\alpha - y^2\cos^2\beta - z^2\cos^2\gamma - \\ &- 2xy\cos\alpha\cos\beta - 2yz\cos\beta\cos\gamma - 2zx\cos\gamma\cos\alpha = \\ &= x^2(1-\cos^2\alpha) + y^2(1-\cos^2\beta) + z^2(1-\cos^2\gamma) - \\ &- 2xy\cos\alpha\cos\beta - 2yz\cos\beta\cos\gamma - 2zx\cos\gamma\cos\alpha = \\ &= x^2(\cos^2\beta+\cos^2\gamma) + y^2(\cos^2\gamma+\cos^2\alpha) + z^2(\cos^2\alpha+\cos^2\beta) - \\ &- 2xy\cos\alpha\cos\beta - 2yz\cos\beta\cos\gamma - 2zx\cos\gamma\cos\alpha = \\ &= \cos^2\alpha(y^2+z^2) + \cos^2\beta(z^2+x^2) + \cos^2\gamma(x^2+y^2) - \\ &- 2xy\cos\alpha\cos\beta - 2yz\cos\beta\cos\gamma - 2zx\cos\gamma\cos\alpha \end{aligned} \tag{8.3.4}$$

Со замена на изразот (8.3.4) во (8.3.2) и по извршената integracija se dobiva materijalniot moment na inercija vo odnos na proizvolnata oska p vo forma:

$$Jp=\int dJp=\cos^2 a\cdot r\iiint\limits_V(y^2+z^2)dv+\cos^2 b\cdot r\iiint\limits_V(z^2+x^2)dv+\cos^2 g\cdot r\iiint\limits_V(x^2+y^2)dv-$$

$$-2\cos a\,\cos b\cdot r\iiint\limits_V xydv-2\cos b\,\cos g\cdot r\iiint\limits_V yzdv-2\cos g\,\cos a\cdot r\iiint\limits_V zxdv$$

Дефинитивно се добива следниот материјален момент на инерција во однос на произволната оска p :

$$Jp=Jx\cdot cos^2\alpha+Jy\cdot cos^2\beta+Jz\cdot cos^2\gamma-$$
$$-2Jxy\cdot cos\,\alpha\,cos\,\beta-2Jyz\,cos\,\beta\,cos\,\gamma-2Jzx\cdot cos\,\gamma\,cos\,\alpha \tag{8.3.5}$$

За да се прикаже промената на матаријалниот момент на инерција со промената на правецот на оската која минува низ референтната точка *0* се користи следната геометриска интерпретација.

Се избира точка p на произволната оска $\vec{p}$ на растојание r_p во однос на *0,* односно:

$$r_p=\frac{1}{\sqrt{J_P}} \tag{8.3.6}$$

Правецот на ортот $\vec{p}$ е определено со:



Сл. 8.3.2

$$cos\,\alpha=\frac{x_p}{r_p}=x_p\sqrt{J_p}=x\sqrt{J_p}$$

$$cos\,\beta=\frac{y_p}{r_p}=y_p\sqrt{J_p}=y\sqrt{J_p} \tag{8.3.7}$$

$$cos\,\gamma=\frac{z_p}{r_p}=z_p\sqrt{J_p}=z\sqrt{J_p}$$

Со замена на изразите (8.3.7) во изразот (8.3.5) се добива следната равенка:

$$J_x\cdot x^2+J_y\cdot y^2+J_z\cdot z^2-2J_{xy}\cdot x\cdot y-2J_{yz}\cdot z\cdot y-2J_{zx}\cdot z\cdot x=1 \tag{8.3.8}$$

Со равенката (8.3.8) е определена површината на еллипсоид. Според тоа, **крајот на векторот $\vec{r}_p$ опишува елипсоид кој е наречен елипсоид на инерција,** со помошта на кој е дефинирана состојбата на инерцијата на материјалното тело.

Материјалниот момент на инерција J_p е обратно пропорционален со квадратот на растојание, од центарот на елипсоидот до елипсоидната површина:

$$J_p = \frac{1}{r_p^2} \tag{8.3.9}$$

8.4 ГЛАВНИ ЦЕНТРАЛНИ ОСКИ, ГЛАВНИ ЦЕНТРАЛНИ МОМЕНТИ НА ИНЕРЦИЈА, ЕЛИПСОИД НА ИНЕРЦИЈА

Oski koi pominuvaat niz centarot na masata na materijalno telo se nare~eni centralni oski, a momentite na inercija centralni momenti na inercija. (Sl. 8.4.1)



Sl. 8.4.1

Vo centarot na masata mo`at da se oformat beskone~no mnogu ortogonalni koordinatni sistemi.

Postoi eden ortogonalen koordinaten sistem , C,ξ,η,ζ, vo odnos na koj materijalnite asijalni momenti imaat ekstremni vrednosti, a centrifugalnite se ednakvi na nula, odnosno:

$$J_\xi = J_{max}\ , J_\eta\ , J_\zeta = J_{min}\ , J_{\xi\eta} = J_{\eta\zeta} = J_{\zeta\xi} = 0 \tag{8.4.1}$$

Оските на координатниот систем C,ξ,η,ζ се наречени главни централни оски, а моментите на инерција главни централни моменти на инерција.

Ортогоналните оски ξ,η и ζ содржат **три заемно нормални полуоски на елипсоидот на инерција a,b и c наречени главни полуоски, со особини** $a = a_{min}\ , b = b\ , c = c_{max}$, **односно** $a < b < c$. Главните полуоски се определуваат покрај главните централни моменти на инерција:

$$a = \frac{1}{\sqrt{J_\xi}} \quad ; \quad b = \frac{1}{\sqrt{J_\eta}} \quad ; \quad c = \frac{1}{\sqrt{J_\zeta}} \tag{8.4.2}$$

Равенката на елипсоидот на инерција се определува во однос на главните централни оски и се добива во форма:

$$\xi^2 J_\xi + \eta^2 J_\eta + \zeta^2 J_\zeta = 1 \tag{8.4.3}$$

Од изразите (8.4.2) се добиваат главните централни моменти на инерција во функцијата од полуоските на елипсоидот на инерција:

$$J_\xi = \frac{1}{a^2} \quad ; \quad J_\eta = \frac{1}{b^2} \quad ; \quad J_\zeta = \frac{1}{c^2} \tag{8.4.4}$$

Со замена на главните централни моменти на инерција (8.4.4) во равенка (8.4.3) се добива **равенката на елипсоидот на инерција во сегментен облик**:

$$\frac{\xi^2}{a^2} + \frac{\eta^2}{b^2} + \frac{\zeta^2}{c^2} = 1 \tag{8.4.5}$$

Со равенките (8.4.3) и (8.4.5) се дефинира **централниот елипсоид на инерција** преку главните централни оски. **Со истиот е окарактеризирана состојбата на инерцијата на материјалното тело (Сл.8.4.2) во однос на централните оски.**



Sl. 8.4.2

Материјалните моменти на инерција во однос на централните оски на телото секогаш достигнуваат најмали вредности (според Штајнеровата теорема).

Главните оски можат да се дефинираат и во однос на било која точка A од телото, ако истата се усвои за референтна точка. Определувањето на правците на главните оски е сложена задача. Во динамиката најголема примена имаат симетричните тела чии оски на симетрија се совпаѓаат со главните централни оски.

8.5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИ МОМЕНТИ НА ИНЕРЦИЈА ПО МЕТОД НА ПРЕСЕЦИ

Во соодветен референтен координатен систем Oxyz разгледуваме хомогено материјално тело со специфична волуменска маса $r = \frac{m}{V}$.



Сл. 8.5.1

Телото го пресекуваме со две бескрајно блиски рамнини паралелни на една од координатните рамнини, на пример Oyz.

Се оформува бескрајно тенка плоча со дебелина dx, на растојание x од координатниот почеток. Површината на плочата ја означуваме со A, волуменот $dV = A \cdot dx$, додека нејзината маса изнесува $dM = dV \cdot r = r \cdot A \cdot dx$.

a) Materijalen moment na inercija okolu **oskata Ox:**

